РЕДОВЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

Скопје, март 2013

Комисијата за заштита од дискриминација изразува голема благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за поддршката во 2012 година.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ул. Кеј Димитар Влахов бб, 1000 Скопје

Тел. 00389 2 32 32 242
www.kzd.mk
e-mail: contact@kzd.mk

СОДРЖИНА

ВОВЕД **5**

1. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ **7**

1.1. Надлежности **7**

1.2. Едно или повеќе тела за еднаквост **10**

1.3. Услови за ефикасно делување на Комисијата за заштита од дискриминанција **11**

2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА **13**

2.1. Постапка пред Комисијата **13**

2.2. Број на претставки **14**

2.3. Подносители на претставка **14**

2.4. Основи за дискриминација **16**

2.4.1. Дискриминација врз основ на етничка припадност *18*

2.4.2. Дискриминација врз основ на припадност на маргинализирана група *19*

2.4.3. Дискриминација врз основа на здравствена состојба *20*

2.4.4.Дискриминација врз основа на личен и општествен статус *21*

2.4.5.Дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост *22*

2.4.6. Дискриминација врз основа на социјално потекло *24*

2.4.7. Дискриминација врз основа на образование *24*

2.4.8.Дискриминација врз основ на пол и род *25*

2.4.9. Дискриминација врз основа на политичка припадност *26*

2.4.10. Дискриминација врз основа на религија и верско уверување *26*

2.4.11.Дискриминација врз основа на други видови уверувања *27*

2.4.12.Дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба *27*

2.4.13. Дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, јазик и државјанство *28*

2.4.14. Дискриминација врз основа на возраст *28*

2.4.15. Дискриминација врз основа на имотен статус 29

2.2.16. Дискриминација врз друга основа 29

2.2.17. Поднесени претставки без основ на дискриминација 30

2.5. Дискриминација по области 31

2.6. Против кого се поднесуваат претставките 32

2.7. Поднесени претставки по региони 33

3. СОРАБОТКА 34

3.1. Меѓународна соработка 34

3.1.1. Студиски посети 34

3.1.2. Состаноци и обуки со претставници на меѓународни организации 36

3.1.3. Проекти 38

3.2. Соработка со органи надлежни за остварување на еднаквост и заштита на човековите права на локално и национално ниво 39

3.2.1. . Работилница за соработка помеѓу Комисијата, социјалните партнери и единиците на локалнтата самоуправа..... 39

3.2.2. Работилница за соработка помеѓу Комисијат, инспекторатите и други централни институции..... 39

3.2.3. Работилница за соработка помеѓу Комисијата и собранискитe работни тела..... 40

3.2.4. Меморандум за соработка со Академијата за судии и јавни обвинители..... 40

3.3. Соработка со граѓански организации 41

3.4. Соработка со медиуми 43

3.5. Соработка со Секретаријатот за европски прашања 44

4. УЧЕСТВО НА ОБУКИ, ТРКАЛЕЗНИ МАСИ И РАБОТИЛНИЦИ 45

4.1. Обуки во врска со дискриминација 45

4.1.1. Останати обуки 46

4.2. Учество на тркалезни маси 46

4.3. Останати активности 47

5. КЛУЧНИ ПРОБЛЕМИ НА КОМИСИЈАТА ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗСЗД 49

5.1. Структурални прашања 49

5.1.1. Извештај за имплементација на финансискиот план за 2012 година.....49

5.1.2. Буџетски ограничувања 49

5.1.2.1. Прилог 1: Буџет на Комисијата за заштита од дискриминација за 2012 година 52

5.1.3. Формирање на стручна служба 53

5.2. Достапност на Комисијата за заштита од дискриминација 53

5.2.1. Седиште на Комисијата за заштита од дискриминација 53

5.2.2. Достапност на Комисијата 54

6. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ПО ЗАКОНОТ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРАМЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР 55

7. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ 57

7.1. Електронска база на податоци 57

7.2. Надлежности на Комисијата согласно ЗСЗД 57

7.2.1. Годишен извештај за 2011 година 57

7.2.2. Мислење за предлог за именување и дополнување на Законот на безбедност на сообраќајот на патиштата 58

7.2.3. Промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата 58

8. ЗАКЛУЧОЦИ 59

ВОВЕД

Почитувани пратеници,

Почитувани читатели,

Вториот редовен годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација на Република Македонија, го опфаќа периодот на работа од 1 јануари до 31 декември 2012 година. Со усвојување на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) во 2010 година, Република Македонија го заокружи своето антидискриминационо законодавство, а со тоа создаде потребни законски услови за успешна борба против дискриминација и постигнување на еднаквост.

Во вршење на својот мандат, а во согласност со член 24 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во Република Македонија, Комисијата за заштита од дискриминација е должна да изготви Годишен извештај за работата во текот 2012 година. Годишниот извештај Комисијата го поднесува до Собранието на Република Македонија.

Годишниот извештај за работата на Комисијата содржи податоци за превземените мерки и активности за намалување на дискриминацијата, како и зголемување на нивото на флексибилност од страна на одговорните лица во врска со создавање на отворено и толерантно општество, врз основа на почитување на еднаквоста, слободата и основните човекови права на секоја индивидуа.

Законските надлежности на Комисијата во областа на заштита од дискриминација во голема мера ги следат меѓународните стандарди релевантни на телата за заштита на еднаквоста. Меѓутоа, за ефикасна борба против дискриминација не е доволно само да се усвои законско решение ускладено со тие стандарди. Потребно е да се обезбеди и ефикасна и правилна примена на Законот, кој во РМ моментално е оценет како добар[1].

Во текот на 2012 година, до Комисијата за заштита од дискриминација доставени се вкупно 75 претставки. Од вкупниот број на доставени претставки во 2012 година, за 43 претставки Комисијата ја заврши постапката. Во текот на 2012 Комисијата поднесе иницијатива за измена на законски прописи, а воедно и преку соопштенија во електронските и печатените медиуми ја информираше јавноста за својот став во однос на конкретни случаи кои го засегаат прашањето на дискриминација.

[1] European commission, republik of macedonia 2011 Progress Report(Brussels:European Commission, 12 oktobar 2011)

Во текот на изминатата година, работењето на Комисијата се состоеше во континуирано растење преку јакнење на капацитетите на самото тело, зголемување на видливоста во цело подрачје на РМ, преку учество на ТВ емисии, настани, информирање на граѓаните за надлежностите и овластувањата на Комисијата, итн.

Овој годишен извештај на Комисијата, овозможува увид во клучните прашања за достигнување на еднаквост, дава слика за најчестите жртви на дискриминација, на субјектите кои што ја прекршуваат забраната од дискриминација и области во кои е најчесто застапена истата. Важно е да се напомене дека за распостранетоста и карактеристиките на дискриминација во Македонија не може да се заклучи само на основа на податоците собрани во процесот на претставки, особено ако се има предвид дека нивниот број е сеуште релативно мал. Меѓутоа, за жал, на национално ниво не е воспоставен единствен и централен систем на собирање, евидентирање и анализирање на податоци на дискриминација и правна заштита од дискриминација, со кој ќе се обезбеди формирање на еден вид на база на податоци потребни за континуирано следење на дискриминацијата.

Вториот редовен годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација, се состои од 8 дела. Првиот дел содржи информации за меѓународни стандарди, вториот дел се состои од анализа на претставки, резултати од работата по претставки по основи, области и региони, додека третиот дел е посветен на разновидни облици на соработка која е остварена на меѓународно ниво, со државни органи, граѓански организации како и медиуми. Понатаму, во четвртиот дел од извештајот се содржат активности за јакнење на капацитетите на Комисијата со учество на обуки, тркалезни маси и работилници во делот на соработката со институциите, како и останати активности. Понатаму, во петиот дел се опфатени клучните проблеми со кои Комисијата се соочува при спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и буџетските ограничувања. Во шестиот дел даден е краток осврт на извршување на обврската на КЗД, согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер. Седмиот и осмиот дел се однесуваат на останатите активности превземени во 2012 година од страна на Комисијата, како и резимираните заклучоци во однос на тековните и идните предизвици.

1. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ

1.1. НАДЛЕЖНОСТИ

Директивите за недискриминација на Европската унија [2] бараат воспоставување на тела за заштита на еднаквоста кои би имале минимум задолжителни надлежности во борба против дискриминација[3]. Овие директиви предвидуваат обврска за формирање на тело чии надлежности вклучува " давање независна помош на жртвите на дискриминација при поднесување на претставка за дискриминација", и " спроведување на независно истражување и препораки " во врска со дискриминација.

Со користење на таквата широка формулација, правото на ЕУ остава значителна дискреција на државите членки во одлучувањето за тоа кои посебни овластувања ќе се доделат на овој вид на тела[4]. Суштината е во тоа дека овие тела, меѓу другото, мора да обезбедат и одреден вид на правна помош на жртвите на дискриминација[5].

На ниво на Советот на Европа се препорачува воведување на поширок и разновидни одговорности за телата во борба против расната дискриминација. Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ) отсекогаш ја промовираше идејата на домашно ниво да се воведат специјализирани комитети, народни правобранители и други органи преку кои ќе се опфатат прашањата на расизмот и расната дискриминација, и доколку такви тела постојат, истите да го промовираат нивното зајакнување. Преку практиката на објавување посебни извештаи за напредокот на поединечни земји-членки на Советот на Европа во оваа област, но и препораките[6], ECRI изрази принципиелен став дека таквите независни национални тела

[2] "Council Directive 2000/43/EC of 29 June 2000 implementing the principle of equal treatment between persons irrespective of racial or ethnic origin", Official Journal of the European Union, L 18/2000, recital 24 Preambule i èlan 13; "Council Directive 2004/113/EC of 13 December 2004 implementing the principle of equal treatment between men and women in the access to and supply of goods and services", Official Journal of the European Union, L 373/2004, èlan 12; "Directive 2006/54/ EC of the European parliament and of the Council of 5 July 2006 on the implementation of the principle of equal opportunities and equal treatment of men and women in matters of employment and occupation (recast)", Official Journal of the European Union, L 204/2006 èlan 20.

[3] По основ на пол, раса и етничка припадност.

[4] Прелиминарната работа на директивите потврдија дека ова била намерата на нивниот творец. Equinet's Working Group on Dynamic Interpretation and B. D. Jacobsen, *Influencing the law through legal proceedings– the powers and practices of equality bodies* (Brussels: Equinet, 2010), стр.10.

[5] Во пракса, оваа помош може да варира од давање на совети и информации, преку спроведување на истрага и издавање на на необврзувачки препораки или обврзувачки одуки, до органи кои ќе ги застапуваат странките пред суд. Equinet's Working Group on Strategy Development, Providing Independent Assistanceto Victims of Discrimination (Brussels: Equinet, 2011), страна 7.

[6] European Commission against Racism and Intolerance (ECRI), General Policy Recommendation No. 2. on specialised bodies to combat racism, xenophobia, antisemitism and intolerance at national

треба да имаат што повеќе надлежности, вклучувајќи и надлежност за класично разгледување на претставки и постапување по истите, со настојување за постигнување на спогодба или со донесување одлуки кои се обврзувачки и извршни. Покрај тоа, препораките на ЕКРИ се состојат во тоа дека таквите институции треба да имаат истражувачки надлежности, право да го изнесе случајот на суд и учество во судска постапка во улога на експерт, надлежност за асистирање на жртвите во смисла давање на генерални совети и правна помош, вклучувајќи го и нивното застапување во судска постапка, но и надлежност за мониторинг, подигање на свеста на јавноста, како и советодавна функција во оваа област[7].

Комесарот за човекови права на Советот на Европа им препорачува на земјите членки националните структури за заштита на еднаквоста да превземат квази-судски и промотивни функции[8]. Главната дејност на овие тела е фокусирана на истрага, сослушување, донесување на одлука во случај на дискриминација, промоција, каде што фокусот е насочен на обезбедување на помош за поединци кои имаат поплаки за дискриминација, подигање на јавната свест и преземање на истражувања. Исто така, Комесарот им препорачува на органите со промотивна функција да добијат можност да го превземат предметот на сопствена иницијатива и можност да иницираат судска постапка, а квази-судските органи треба да имаат можност да наметнуваат обврзувачки санкции кои се од пропорционален и ефективен карактер, како и следење на спроведување на дадените препораки.

Некои светски стандарди исто така, овозможуваат поширока одговорност за тела кои овозможуваат заштита на човекови права со цел поефикасно да се заштитат жртвите на кои што им се повредени тие права. Така, Париските принципи[9], кои претставуваат главен извор на нормативни стандарди за државните институции за заштита на човековите права, предвидуваат тие институции да ги промовираат и штитат човековите права. Заштитниот аспект на овие тела подразбира дека тие треба да имаат можност да спроведуваат истрага, мониторинг на човекови права, да даваат мислења, препораки и извештај за секое прашање за човекови права. Покрај тоа, предвидена е можноста за примање на жалби и постапување по истите. Потребата од воведување на овие принципи е создавање на тела кои имаат цел да ги заштитат и промовираат човековите права, но и воспоставување на суштински стандарди кои се однесуваат на националните власти за заштита од дискриминација.

---

level (Strasbourg: ECRI, 13. juni 1997), i European Commission against Racism and Intolerance (ECRI), General Policy Recommendation No. 7. on national legislation to combat racism and racial discrimination (Strasbourg: ECRI, 13. decembar 2002)

[7] General Policy Recommendation No. 2, princip 3; European Commission against racism and intolerance (ECRI), Explanatory Memorandum to ECRI general policy recommendation N°7 on national legislation to combat racism and racial discrimination (Strasbourg: ECRI, 2003), точка 51–52 во врска со принципот 24 Општи препораки број 7.

[8] Commissioner for human rights of the Council of Europe, Opinion of the Commissioner for human rights on national structures for promoting equality (Strasbourg: Commissioner for Human Rights of the Council of Europe, 2011), 6.2, точка 2.

[9] UN General Assembly, Principles relating to the status of national institutions; i Additional principles concerning the status of commissions with quasi-judicial status, Resolution A/RES/48/134 (UN General Assembly, 20. decembar 1993).

Телата кои во своите надлежности на заштита имаат квази-судски овластувања на Париските принципи, мора да се придржуваат на одредени стандарди. Иако овие органи може, но не мора да имаат таква власт, каде што тие постојат, принципите обезбедуваат задолжителни услови на нивна имплементација: заеднички напори да се постигне спогодба преку посредување или преку обврзувачка одлука, обврска да обезбедат информации на поединци за нивните права кои им се достапни во рамките на телото, или други механизми, како, информирање за тоа како може да се постапи или нивно препраќање во други органи, доколку тоа е потребно[10], и обврска за давање на препораки до надлежните органи[11].

Компаративна анализа на ЕУ укажува дека повеќето народни правобранители и специјализирани тела за заштита на еднаквоста имаат квази-судски овластувања. Тие ги испитуваат и оценуваат претставките за кршењето на човековите права, вклучувајќи го и прекршувањето на еднаквост, се обидуваат да го решат спорот пред се со медијација, а во случај на неуспех, најчесто издаваат необврзувачки препораки. Многу од нив можат да покренат и административна и кривична постапка[12]- на пример, телото во Бугарија, Унгарија и Ирска, може да покрене истражувачка постапка по примената претставка[13]. Меѓутоа, специјализираните тела на државите членки на ЕУ, во случај на утврдена дискриминација, ретко самите ги изрекуваат санкциите[14]. Наместо тоа, овие институции може да предложат покренување на посебна постапка (кривична или прекршочна) во надлежните судски органи, да препорачаат мерки со што ќе ја постават жртвата во таква ситуација како да немало дискриминација, или ќе се фокусира на спречување на идни слични повреди[15].

[10] Овластувања за примање и разгледување на претставки кои се однесуваат на кршење на човековите права.

[11] UN General Assembly, *Additional principles concerning the status of commissions with quasijudicial status*.

[12] Lilla Farkas, *How to Present a Discrimination Claim: Handbook on seeking remedies under the EU Non-discrimination Directives* (Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2011), страна 60.

[13] Isabelle Chopin and Thien Uyen Do, *Developing Anti-Discrimination Law in Europe. The 27 Member States, Croatia, the Former Yugoslav Republic of Macedonia and Turkey compared* (Luxembourg: Publications Office of the European Union, 2011), стр. 85..

[14] Пр. Во Бугарија по процесот на јавна расправа и сослушување на двете страни , за отстранување или спречување на повредата, се воведуваат административни казни помеѓу 125 и 1250 евра, кои одат во државниот буџет, а не на повредениот лице, а во случај повредата да се повтори, казните се двојно поголеми. Покрај ова,може да се изречат и поблаги казни (soft penalties), како што е јавно извинување итн. Margarita Ilieva, *Bulgaria – Country Report on Measures to Combat Discrimination* (European Network of Legal Experts in the Non-discrimination Field, 2010), стр. 78 i 82.

[15] Препорачаните превентивни мерки може да вклучат соодветна обука за персоналот на одредено тело или донесување или измени на одредени правила и практики. UN, *National Human Rights Institutions*, стр. 89–90.

1.2. ЕДНО ИЛИ ПОВЕЌЕ ТЕЛА ЗА ЕДНАКВОСТ

Кога станува збор за телата за заштита на човековите права, односно за заштитата на еднаквоста во некои држави често се појавува дилемата дали да се довери заштитата на една институција со широко поставен мандат или да се формираат специјализирани тела за заштита на ранливите групи и нивните права[16]. Аргументите на Carver, на пример, се во корист на едно тело, и тоа од повеќе причини: таквото тело на конзинстентен начин дава помош на сите жртви, ја олеснува размената на идеи и знаења од добрата пракса по различните основи и области на дискриминација, овозможува разумен однос на трошоците и ефективноста[17], подобро се идентификува во јавноста со што им се олеснува пристапот на поединците и негово препознавање како тело до кое можат да се обратат за заштита, а има и поголем авторитет и влијание над надлежните власти. Таквата институција полесно добива поддршка од јавноста поради фактот дека нејзините активности ги опфаќаат поединците и групите од различни области на заштита[18]. Како контра аргумент на оние кои се залагаат за воспоставување на специјализирани тела тврдејќи дека тие ќе обезбедат посебна заштита на посебни ранливи групи, Carver го потенцира принципот на универзалноста и неделивост на човековите права, кои што не фаворизираат создавање хиерархија во контекст на нивната заштита.

Моменталната компаративна пракса покажува на општата тенденција за обединување на оваа структура како и доверување на мандатот за заштита од дискриминација на еднинственото тело. Во некои земји со долга традиција на заштита на човековите права, кои се препознатливи и како позитивен пример на заштита од дискриминација, а во кои е проширена заштитата од дискриминација на повеќе основи, воспоставувајќи повеќе специјализирани тела за заштита на поедини ранливи групи, времено се наметнува императив на нивно спојување во единствено тело за заштита. Така на пример, во Австралија ова спојување се извршило уште во 1986 година на начин да телата одговорни за човекови права, дискриминација врз основа на пол и дискриминацијата во областа на работата и работните односи се споени во едно тело. Сличен пример претставува Обединетото кралство, кое во текот на последните три децении од дваесетиот век воспостави три комисии за заштита од дискриминација, а целото подрачје за заштита од 2007 година е доверено на Комисијата за еднаквост и човекови права (Commission for Equality and Human Rights)[19]. И Шведска, исто така, во 2008 година, своите четири тела , со

[16] Види Richard Carver, "One NHRI or Many? How Many Institutions Does It Take to Protect Human Rights? – Lessons from the European Experience", *Journal of Human Rights Practice*, *бр.*. 3 (2011), стр. 1–24.

[17] Се избегнува дуплирање на трошоците и заштедата која што може да се постигне на овој начин, може на пример да се искористи за отварање на регионални канцеларии, а со тоа зголемување на достапноста на услугите за поединците.

[18] Агенцијата за фундаментални права (FRA) на ЕУ, го поддржува создавањето на единствени институции, тргнувајќи од тоа дека на овој начин се обезбедува концентрација на ресурсите на едно место, а се избегнува преклопување на мандатите што им озозможува на поединците полесно да препознаат каде да се обратат за помош.

[19] Надлежноста на оваа Комисија се протега во Англија, Велс и Шкотска, додека во Северна Ирска останаа нејзините две комисии, една за човекови права, другата за заштита на човекови права.

усвојување на единствениот Закон за дискриминација, ги споила во една институција- ***Equality Ombudsman***.

Доверувањето на мандатот за борба против дискриминација на едно тело, го поедноставува процесот на користење на постоечките механизми за заштита.

Во рамките на специјализираните тела или институции за борба против дискриминацијата, од суштинско значење е да се обезбеди почитување на интересите на посебни ранливи групи. Комесарот за човекови права на Советот на Европа укажува на постоење на тела кои вршат заштита само на одредени дискриминаторски основи, додека мандатот во другите тела, како што е случај во Босна и Херцеговина, не е ограничен и важи за заштита на дискриминација по сите основи. За ваквите тела, од суштинско значење е да развие соодветна експертиза за секој основ поединечно. Како институционално решение во таа смисла, Carver предлага во рамките на таа институција да се формира специјализиран оддел со одвоен буџет.

1.3. УСЛОВИ ЗА ЕФИКАСНО ДЕЛУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА

Како два клучни индикатори за проценка на националното тело за заштита на еднаквоста, Комесарот за човекови права на Советот на Европа ги нагласува независноста и ефикасноста, при што првиот индикатор е всушност клучот за другиот. Независноста подразбира можност овие тела да ги распоредат финансиските средства на начин на кој тие сметаат дека најдобро одговара за квалитетно спроведување на нивните активности, самостојно да одлучуваат за кадровските прашања, да ги одредуваат своите приоритети и да ги користат своите овластувања кога и каде тие ќе сметаат дека е потребно. Ефективноста, од друга страна, подразбира дека овие тела се во можност да ги применуваат своите функции и своите овластувања на начин кој обезбедува реално влијание врз појавата на дискриминацијата и нееднаквоста.

Во овој контекст, особено е важен износот на средствата кои им се доделени за располагање на овие тела, како и природата и опсегот на функциите кои им се доделени. Често се појавува потребата за доделување на широк спектар на функции на телата за еднаквост, кои што ќе им овозможат истовремено да ги користат во комбинација со стратешки активности, како што се примена на закон, едукација на јавноста, подигање на свеста, давање на поддршка за усвојување на добра пракса на носители на одлуки, работодавачи и понудувачи на услуги, а кои истовремено ќе отворат пат за вистинско влијание на полето на спречување на дискриминацијата.

Кога станува збор за потребни ресурси за телата за заштита на еднаквоста, Комесарот за човекови права на Советот на Европа, посебно внимание посветува на прашањето за финансиска и кадровска опременост на овие тела. Тој укажува дека во овој поглед постојат значајни разлики во земјите членки, подобро и полошо опремени тела со суштински одраз на различни степени на посветеност на тие структури, како и разлики во разбирањето на потенцијалните улоги и придобивки кои телото може да ги има. Некои од овие тела, главно поради недостаток на средства, не можат да ги вршат своите функции.

Заради тоа е важна препораката на Комесарот дека тие тела за промоција на еднаквост треба да располагаат со доволно ресурси за вршење на своите функции. Во таа смисла, при оценување на буџетот на ваквите институции, потребно е да се земат во предвид следниве фактори: населението и економските околности, природата и бројот на пријавени и проценетите непријавени случаи на дискримианција, спектарот и улогата на другите актери вклучени во промовирањето на еднаквоста и борбата против дискриминација, ресурси на телото кои му се потребни за спроведување на своите функции на стратешки начин се до оној степен кој ќе овозможи ефикасно влијание во борбата против дискриминација. Овие фактори се секако многу важни за разбирањето на моменталниот капацитет на Комисијата за заштита од дискриминација на РМ и утврдување на оптимални финансиски и човечки ресурси за да ги изврши своите функции, посебно имајќи го во предвид широкиот спектар на надлежности на оваа институција во согласност со ЗСЗД на Република Македонија.

2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Една од основните надлежности на Комисијата за заштита од дискриминација е да постапува по претставки, како и да носи мислење и препораки. Согласно член 24 од ЗСЗД, Комисијата има надлежност **да постапува по претставки**, и да дава мислење и препорака по истите. Покрај тоа, Комисијата е должна да им дава **информации за правата** на подносителите на претставки, како и совети за покренување на судска или друга постапка за заштита.

Комисијата има овластување и да **покренува иницијатива** за поведување на постапка пред надлежните органи за повреди сторени на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

2.1. ПОСТАПКА ПРЕД КОМИСИЈАТА

Постапката пред Комисијата за заштита од дискриминација се поведува со поднесување претставка. Претставка до КЗД може да поднесат сите физички и правни лица, вклучувајќи ги и државните органи, органи на единиците на локалната самоуправа (член 4 од ЗСЗД).

Претставката треба да содржи податоци за лицето кое ја поднесува, опис на начинот на кој е направена дискриминацијата, од кого е извршено дејството на дискриминација, како и дискриминаторската основа согласно член 3 од ЗСЗД. Претставката треба да биде потпишана од причина што КЗД не постапува по анонимни претставки, а може да биде поднесена писмено или усно на записник, без обврска за плаќање на било каква такса или друг надоместок.

Доколку лицето поднесе писмена претставка, истата може да ја достави по пошта, лично во просториите на Комисијата, како и преку електронска пошта. Заедно со претставката лицето поднесува докази и факти од кои може да се утврди актот или дејствието на дискриминација. По доставувањето на претставката, се врши утврдување на фактичката состојба со целосна анализа на предметот. Доколку се потребни дополнителни информации согласно член 31 и член 32 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги превзема сите чекори со цел за правилно утврдување на фактичката состојба и навремено решавање на случаите а по потреба и соодветни тестирања, прибирање на статистички, други податоци и слично. Членовите на Комисијата, настојуваат постапката да се спроведе и да се запази рокот од 90 дена (член 28 став 1 од ЗСЗД).

Доколку Комисијата утврди дека постои дискриминација, препорачува **начин/начини на отстранување** на истата. Согласно член 28 став 3 од ЗСЗД лицето до кое е упатена препораката е должно, во **рок од 30 дена од денот на приемот на препораката**, да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото. Исто така, тоа е должно за отстранетата повреда **да ја извести Комисијата**. Доколку, пак, лицето-дискриминатор не постапи по препораката во рокот, односно не ја отстрани повредата на правото, Комисијата може да покрене **иницијатива за поведување на постапка пред надлежен орган** за утврдување на неговата одговорност (член 29 од ЗСЗД).

2.2. БРОЈ НА ПРЕТСТАВКИ

Во период од 1 јануари до 31 декември 2012 година до Комисијата поднесени се 75 претставки, што значи зголемување на бројот на претставки во однос на првата година од нејзиното постоење.

Зголемување на број на претставки



Треба да се констатира дека бројот на претставки е сеуште многу мал. На тоа, покрај другото, допринесува стравот на подносителот со поднесување на претставката да не биде изложен на секундарна виктимизација, немање доверба во државните институции, како и недоволна информираност на јавноста за постоење на тело како што е Комисијата.

2.3. ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКА

Пред се, треба да се напомене дека поголемиот број од поднесените претставки се однесуваат на дискриминација направена од страна на државните органи, локалните власти и други јавни установи. Овој податок е загрижувачки бидејќи се работи за органи од кои се очекува во нивната работа строго да ја почитуваат забраната од дискриминација, да манифестираат разбирање на принципите на еднаквост, како и да обезбедат модел на недискриминаторски третман на правните субјекти.

Позитивен е фактот дека мнозинството од потенцијалните дискриминатори - државни органи по препорака на Комисијата покажаа подготвеност да ја отстранат повредата на првото, дури некои од нив и при самиот процес на решавање на претставката го повлекуваат дејството на дискриминација, така што некои од претставките се решаваат успешно и стануваат беспредметни. Меѓутоа, за жал, мора да се напомене дека постојат и оние кои ги игнорираат препораките на Комисијата.

Од поднесените претставки може да се увиди дека дискриминацијата од страна на поединци најчесто е свесно направена каде што со одредени изјави или однесувања се нарушува достоинството на едно лице или група на лица поради нивните лични карактеристики. Најчесто таквото однесување е мотивирано од омраза кон одредени етнички групи, маргинализирани групи, ЛГБТ популацијата итн.

Сепак потојат и поединци кои не се свесни дека нивното однесување е неприфатливо и забрането. Во овие случаи, се работи за луѓе кои јавно изразуваат одредени ставови и идеи врз основа на предрасуди, кои јавноста обично не ги осудува и се сметаат за прифатливи. Непостоење на свест за неприфатливоста на јавното изразување на таквите ставови и идеи е евидентно во случаи на давање на изјави со кои се повредува достоинството на одредена група на луѓе поради нивната етничка припадност, или давање на изјави кои се базирани на предрасуди, како и стереотипи за половите.

Затоа од суштинско значење е да се работи на промената на свеста кај граѓаните, но, исто така, и едуцирање на граѓаните за подобро разбирање за облиците на дискриминација, говор на омраза, вознемирување, малтретирање и друго.

Пример:

Подносителот наведува дека лицето Г.С. претседател на студентски парламент, на својот профил напишал изјава каде што манифестацијата "Пастрмајлија" која што се одржува во Штип ја споредил со "Gypsy Party". Подносителот смета дека оваа изјава ги дискриминира и омаловажува припадниците на ромската заедница, со што се шири расизам и говорот на омраза.

Најголем број на претставки се поднесени од физички лица -вкупно 65, потоа од правни лица 22 претставки, додека од вкупниот број на претставки 29 се поднесени од страна на здруженија и граѓански организации.

50 претставки се поднесени од мажи, 37 претставки се поднесени од жени.

Структура на подносители на претставки



ЗАБЕЛЕШКА: Една претставка може да е поднесена од повеќе лица, здруженија и граѓански организации, односно како посочен дискриминатор можат да бидат наведени повеќе лица.

2.4. ОСНОВИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Со одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост,

возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (член 3).

Иако Законот за спречување и заштита од дискримианција, опфаќа 19 основи на дискриминација, треба да се има во предвид дека оваа листа не е затворена, односно основ на дискриминација може да биде и било која **друга** основа.

Во поголем број на претставки (55) наведен е само еден основ на дискриминација, додека во 22 претставки наведени се повеќе основи.



Најголем број на претставки во 2012 година се однесуваат на дискриминација по основа на етничка припадност-16, потоа, здравствена состојба- 12, припадност на маргинализирана група- 11, личен или општествен статус- 10, ментална и телесна попреченост-9, образование- 7 и социјално потекло- 7, пол- 5, религија и верско уверување- 3, политичка припадност- 3, возраст-3, семејна и брачна состојба-3, род-2, други видови уверувања-2, имотен статус-1, друго-6. Во 11 претставки подносителите не наведуваат основ за дискриминација.

ЗАБЕЛЕШКА: Во една претставка се наведени повеќе основи на дискримианција.

2.4.1. Дискриминација врз основа на етничка припадност

Во текот на 2012 година, во најголемиот број на претставки доставени до Комисијата за заштита од дискриминација, поднесувачите наведуваат дека се дискриминирани по основа на етничка припадност и тоа вкупно 16 претставки. Од вкупниот број на доставени претставки по основ на етничка припадност во 2012 година Комисијата постапила по 9 претставки.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во еден случај, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека постои дискриминација**. Во овој случај, Комисијата донесе мислење и препораки, според кои дискриминаторите доброволно постапија и ги отстранија повредите.

Исто така, врз основа на член 28 од Законот, во три случаи, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Врз основа на член 26 од Законот **Комисијата не постапи** по 5 претставки, од кои, во еден случај затоа што очигледно не постои повреда на правото на кое поднесувачот се повикува, во три случаи затоа што е утврден истек на времето од направената повреда на правото и не е можно да се постигне целта на постапката, како и во еден случај кога постапка пред суд за истата работа веќе е поведена или правосилно завршена. Поднесени претставки по однос на етничката припадност: етничка припадност Ром (10), Македонец (1), Торбеш (1), Албанец (4).

Согласно поднесените претставки може да се заклучи дека етничките заедници најмногу се чувствуваат дискриминирани во областа на работата и работните односи, социјална сигурност, пристапот до добра и услуги, образование, наука и спорт, јавното информирање и медиуми како и други области определени со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Посебно е загрижувачки фактот дека Ромите како етничка заедница, кои и покрај тоа што се јавуваат како една од најдискриминираните заедници, сепак бројот на поднесени претставки од нивна страна е многу мал. Заради тоа неопходно е да се спроведе широка информативна кампања во соработка со ромските организации на локално ниво ширум Македонија. За остварување на оваа цел, планирани се информативни работилници со претставници на ромската заедница во повеќе градови и општини низ Р.Македонија, каде што на жителите ќе им се обезбедат детални информации за работата на Комисијата, за начинот на поднесување на претставки, како и за механизмите на правна заштита против дискриминација[20].

Најчесто претставките по основ на етничка припадност во областа на работата и работните односи се поднесуваат против правни лица, работодавачи, државни институции, но поретко против физички лица.

Се почесто се јавува дискриминација преку јавното информирање и медиуми. Имено, денес сме свесни за развојот на технологијата и постоењето на различни веб портали и социјални мрежи. Секојдневно, а особено помладата генерација е корисник на ваквите онлајн мрежи за кои сме сведоци на различни начини на повикување на омраза, ширење на расизам и дискриминација кон одредени групи.

<u>Пример:</u>

Во доставената претставка подносителот наведува дека Министерство за образование и наука во 2009 година, одобрил и ставил во употреба учебник за деветгодишно основно образование, предмет Македонски јазик за четврто одделение. Овој учебник содржи текст со наслов "Оркестар" од поетот Неџати Зекирија, каде што подносителот наведува дека стои навредлива содржина која што директно ја дискриминира ромската националност и дека постоење на учебник со ваква содржина, каде што Ромите се нарекуваат "Цигани", меѓу учениците ќе придонесе за нетрпение меѓу различни националности кои се образуваат заедно. Комисијата со Барање за изјаснување по претставката се обрати до Министерство за образование и наука со што до истата беше доставен Заклучок донесен на седницата на Националната комисија за учебници на седницата одржана на 30.05.2012 година, во кој што се препорачува на наставниците по предметот Македонски јазик за четврто одделение во деветгодишното основно

[20] Види точка 3.1.3 Проекти

образование да не го обработуваат текстот под наслов "Оркестар" од авторот Неџати Зекирија. Исто така во доставениот Заклучокот наведено е дека истиот е објавен на бев страната на Министерство за образование и наука. По реагирањето на Комисијата за заштита од дискриминација по однос на овој предмет и донесеното мислење и препорака, истиот текст е тргнат од употреба.

Кога станува збор за дискриминацијата по основ на етничка припадност во областа на образование, наука и спорт, утврдената состојба од страна на Комисијата за заштита од дискриминација е загрижувачка. Се почесто се јавува обликот на дискриминација и нетолеранција помеѓу помладата генерација во училиштата.

2.4.2. Дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година, доставени се вкупно 11 претставки во кои подносителите наведуваат дека се дискриминирани по основа на припадност на маргинализирани групи. Од вкупниот број поднесени предмети по овој основ, Комисијата реши две претставки.

Интересен е фактот дека во сите поднесени претставки по основа на припадност на маргинализираните групи, поднесувачите наведуваат и други основи, како етничка припадност, социјално потекло, здравствена состојба, ментална и телесна попреченост како и пол.

Поднесените претставки по основ на припадност на маргинализирани групи, се во областа на јавното информирање - медиуми, социјална сигурност, пристап до добра и услуги како и во областа на образованието.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во еден случај, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Согласно член 26 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **не поведе постапка** по една претставка, бидејќи очигледно нема повреда на правото на кое подносителот се повикува.

2.4.3. Дискриминација врз основа на здравствена состојба

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година доставени се вкупно 12 претставки, во кои подносителите наведуваат дека се дискриминирани по основа на здравствена состојба. Од вкупниот број поднесени предмети по овој основ, Комисијата реши четири претставки.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во три случаи, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Согласно член 25 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **не постапува** по една претставка, поради истекот на рокот од три месеци од денот кога била сторена повредата, односно повеќе од една година од дознавањето на актот за дискриминација.

Пример:

Поднесена е претставка од невладината граѓанска организација Унија на Бранителите на Македонија со седиште во Скопје, против Државата – Р.Македонија, Министерството за внатрешни работи, државното правобранителство и Министерството за правда, односно судските органи кои постапуваат по тужбените барања . Унијата на Бранители на Македонија ги застапува правата на групација на семејствата на погинати македонски бранители учесници во конфликтот од 2001г. во Република Македонија, како и ранети и инвалидизирани припадници на МВР.

Во претставката подносителот наведува дека има повреда на правото на економска еднаквост на граѓаните на РМ пред Уставот и Законите во поглед на претрпена штета – загуба на близок член на семејството вработен, доброволец или мобилизиран од страна на МВР на РМ во конфликтот од 2001 година, како и нееднаквост во поглед на обештетување за претрпената нематеријална штета на ранетите и инвалидизирани лица припадници на МВР.

Комисијата за заштита од дискриминација констатира дека временскиот период изминат од сторената повреда на правата на овие лица е надвор од законски предвидениот за постапување по претставка.

2.4.4. Дискриминација врз основа на личен и општествен статус

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година, доставени се вкупно 10 претставки, во кои подносителите наведуваат дека се дискриминирани по основа на личен и општествен статус. Од вкупниот број поднесени предмети по овој основ, Комисијата реши три претставки.

Согласно член 25 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **не постапува** по една претставки, поради истекот на рокот од три месеци од денот кога била сторена повредата, односно повеќе од една година од дознавањето на актот за дискриминација.

Согласно член 26 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискримианција, Комисијата **не поведе постапка** по две претставки, бидејќи очигледно нема повреда на правото на кое подносителот се повикува.

Пример:

Во поднесената претставка подносителот смета дека е дискриминиран од страна на Основен суд Скопје 2, Скопје. Во претставката подносителот наведува дека е наследник на оставината на неговиот покоен татко, и со оставински решенија на Основен суд Скопје 2, Скопје е прогласен за наследник на една половина на имотот на покојниот татко. Смета дека надлежните институции и судот ја прикривале имотната состојба на неговиот татко и му давале неточни податоци. Комисијата за заштита од дискриминација изврши увид во сите приложени факти и докази, и утврди дека подносителот на претставката со решение на Општински суд Скопје 1 Скопје е прогласен за законски наследник на оставината на покојниот на една идеална третина.

По изведувањето на сите овие факти и докази, и по нивната оценка на секој доказ поединечно, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Судот постапува по поднесени предлози од страна на наследниците за поведување на оставинска постапка. Доколку во текот на постапката судот утврди дека наследниците не се согласуваат во однос на поделбата на имотот кој тие сами го предложиле судот ја запира постапката и истите ги упатува на друга судска постапка. Во конкретниот случај решенијата кои се донесени од страна на судот не се обжалени и сите наследници се согласиле со донесење на истите. Подносителот има право согласно предвидените законски рокови да поднесува нови предлози за покренување на оставинска постапка доколку има сознанија за нов пронајден имот, и ова право подносителот го користи, што може да се види и од ново поднесениот предлог во 2012 година.

Комисијата, не поведе постапка по поднесената претставка согласно член 26 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација од причина што од поднесените факти и докази не се утврди повреда на правото на кое подносителот се повикува, односно не постои дискриминаторско однесување и дискриминаторска основа, сторена од страна Основен суд Скопје 2 , Скопје.

2.4.5. Дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост

Дискриминацијата на лица со ментална и телесна попреченост постои во сите сфери на друштвениот и приватниот живот, а најизразена е во областа на работа и работни односи, образованието, пристапот до добра, услуги и домување. Нивната позиција најдобро може да се види ако се земе предвид високото ниво на невработеност, ниското образование, сиромаштија, ризикот од институционализација, како и ограничен пристап до јавни објекти и услуги.

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година, доставени се вкупно 9 претставки, во кои подносителите наведуваат дека се дискриминирани по основа на ментална и телесна попреченост. Од вкупниот број поднесени предмети по овој основ, Комисијата реши четири претставки.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во еден случај, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Врз основа на член 26 од Законот, Комисијата **не постапува** по три претставки, односно во две претставки утврдено е дека не постои основ за дискриминација, а додека во една претставка Комисијата утврди дека нема надлежност да постапува.

Пример:

Во доставената претставка подносителот наведува дека не му била исплатена плата од работниот однос, по основ на ментална и телесна попреченост. Согласно член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, КЗД претставката ја достави на одговор до лицето против кого е поднесена. Комисијата направи увид во одговорот добиен од страна на потенцијалниот дискриминатор кој тврди дека сметката на овој клуб е блокирана повеќе од една година, и не е во можност да му исплати на лицето.

Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба констатира дека се работи за повреда на правата од работен однос, но не и дискриминација по основ на ментална и телесна попреченост во однос на конкретниот случај.

Има случаи во кои Комисијата нема надлежност да постапува за поднесени претставки по основ на ментална и телесна попреченост, но од податоците добиени од претставката може да се заклучи дека овие лица имаат тешкотии во остварувањето на своите права.

Пример:

Подносителот на претставката З.Ш. претседател на Здружението на граѓани Полио Плус-движење против хендикеп, во претставката наведува дека член 1 од Законот за вработување на инвалидни лица не е во согласност со член 35 став 3 од Уставот на РМ, бидејќи во него не се опфатени сите категории на лица со инвалидност, особено оние кои самостојно вршат дејност или професија (адвокати, лекари, нотари). Имено, согласно вака поставената законска рамка лицата со инвалидност не можат да ги остварат привилегиите што ги дозолува државата за вработување на лица со инвалидност и тие се ставени во неповолна положба во однос на другите инвалидни лица.

Во Законот за заштита од дискриминација во член 24 точка 6 е наведено дека Комисијата има надлежност да иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштита од дискриминација, но во конкретниот случај веке е иницирана постапка пред Уставен суд на РМ за оцена на уставноста и законитоста.

Комисијата нема надлежност да дава автентично толкување на определени законски одредби па поради сето ова постапувањето по поднесената претставка е надвор од законската рамка и надлежност на Комисијата.

Во конкретниот случај, Комисијата на мислењето даде препорака, подносителот на претставката во соработка со Комисијата за заштита од дискриминација да иницираат авентично толкување на член 1 од Законот за вработување на инвалидни лица, односно дали член 1 ја опфака и категоријата на физички лица кои се занимаваат со слободни активности, бидејќи самиот член е многу нејасен од причина што се наведени лица кога самостојно вршат дејност кај трговец поединец, работодавец, ваква категорија не познава Законот за трговски друштва, од причина што трговец поединец е физичко лице кое во вид на занимање врши некоја трговска дејност, и не е јасно како може лице кое самостојно врши дејност, таа дејност да ја врши како трговец поединец.

2.4.6. Дискриминација врз основа на социјално потекло

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година, доставени се вкупно 7 претставки во кои подносителите наведуваат дека се дискриминирани по основа на социјално потекло. Од вкупниот број поднесени предмети по овој основ, Комисијата реши пет претставки.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во три случаи, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Согласно член 25 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **не постапува** по една претставка, поради истекот на рокот од три месеци од денот кога била сторена повредата, односно повеќе од една година од дознавањето на актот за дискримианција.

Согласно член 26 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **не поведе постапка** по една претставка, бидејќи очигледно нема повреда на правото на кое подносителот се повикува.

Пример:

Подносителот на претставката наведува дека е дискриминиран од страна на Министерството за труд и социјална политика, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Скопје (општина Бутел и Центар), Државен управен инспекторат и Министерството за информатичко општество, бидејќи му прекинато правото на социјалната помош. Комисијата за заштита од дискриминација по разгледување на претставката и доказите приложени кон истата, увиде дека согласно добиеното Решение лицето повторно го има правото на социјална помош, со што се оспорува фактот дека истото лице не е корисник на социјална помош како што наведува во претставката.

Комисијата не поведе постапка по претставката бидејќи очигледно нема повреда на правото на кое подносителот се повикува.

2.4.7. Дискриминација врз основа на образование

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година, доставени се вкупно 7 претставки, во кои подносителите наведуваат дека се дискриминирани по основа на образование. Од вкупниот број поднесени предмети по овој основ, Комисијата реши две претставки.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во еден случај, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Согласно член 26 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **не поведе постапка** по една претставка, бидејќи очигледно нема повреда на правото на кое подносителот се повикува.

Пример:

Во поднесената претставка подносителот наведува дека нема добиено диплома за завршено на основните студии при факултетот за Применети науки- насока Мекатроника. По реализираниот контакт на член на Комисијата со Генералниот секретат на ДУТ, констатирано е дека ДУТ има издадено Уверние со кое се потврдува дека лицето Ј.К од Гостивар ги завршило студиите во траење од 7 семестри. Уверението е потпишано од страна на Деканот на Факултетот за Применети Науки при ДУТ. Исто така е констатирано дека ДУТ освен Уверение, издало и Диплома со кое се докажува дека истиот дипломирал на Факултетот за применети науки – насока Мекатроника, при ДУТ. Комисијата не поведе постапка.

2.4.8. Дискриминација врз основ на пол и род

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година доставени се 7 претставки по основ на пол и род односно 5 по основ на пол и две претставки по основ на род. Од вкупниот број поднесени предмети по основ на пол и род, Комисијата реши 4 претставки.

Три претставки се поднесени заради дискриминација во областа работа и работни односи, две претставки се поднесени во областа на јавно информирање и медиуми, додека две се поднесени поради дискриминација во областа на пристап до добра и услуги.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во три случаи, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Согласно член 26 од Законот, по една претставка Комисијата **не постапи** поради поминат рок од денот на направената повреда.

Пример:

Подносителот на претставката наведува дека е дискриминиран од страна на Клиничката болница - Тетово, и вработена во Клиничката болница- Тетово. Во претставката се опишува дека имало закажан преглед кај специјалист психијатар. Како што е наведено во претставката, додека тој се движел на закажаниот состанок, неговата сопруга вработена во болницата, со кого што е во бракоразводна постапка, го известила обезбедувањето на болницата, кое реагирало со употреба на физичка сила и му оневозможиле да стигне на закажаниот преглед.

Подносителот наведува дека требало да се јави на лекарски преглед и дека тоа му било оневозможено од персоналот во болницата. Подносителот во прилог достави и видео запис, но снимката е нејасна и се слушаат само неартикулирани звуци.

По обраќањето на Комисијата до потенцијалните дискриминатори и по увидот на добиените одговори, утврди дека станува збор за нарушени односи на подносителот со неговата поранешна сопруга – вработена во Клиничката болница. По однос на оваа претставка, Комисијата не утврди дискриминација.

2.4.9. Дискриминација врз основа на политичка припадност

Во три претставки подносителите наведуваат дека се дискриминирани врз основ на политичка припадност. Во сите три претставки наведени се повеќе основи на дискриминација и тоа пол, етничка припадност, ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и личен и општествен статус. Дискриминацијата се однесува во областа на работа и работни односи, како и социјална сигурност. Од вкупниот број поднесени предмети по основ на политичка припадност, Комисијата реши две претставки.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во еден случај, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**.

Врз основа на член 28 точка 3 од Деловникотот за работа на Комисијата, по утврдување на фактичката состојба, во еден случај Комисијата по утврдување на фактичката сотојба ја **прекина постапката**.

Пример:

Во поднесената претставка наведено е дека подносителот, вработен во Министерство за труд и социјална политика е дискриминиран од страна на претпоставени во секторот. Посносителот наведува дека веќе подолго време не присуствува на обуки и семинари, дека од страна на претпоставените не и било дозволено присуство на овие обуки и дека е дискриминирана врз основа на пол,

политичка и етничка припадност. По поднесената претставка не се утврди дискримианција по овие основи од причина што од поднесените факти и докази не се констатира повреда на правото на кое се повикува.

2.4.10. Дискриминација врз основа на религија и верско уверување

Во три претставки подносителите наведуваат дека се дискриминирани врз основ на религија и верско уверување, во областа на правосудството и управата како и во областа на (2) работата и работните односи (1). Постапката за поднесените претставки е во тек.

2.4.11. Дискриминација врз основа на други видови уверувања

Во две претставки подносителите наведуваат дека се дикриминирани врз основа на други видови уверувања и тоа во областа на социјална сигурност, домување, пристап до добра и услуги, работа и работни односи, образование наука и спорт.

Пример:

Подносителката во претставката наведува дека работела една школска година како наставник по биологија со договор на определено време, почнувајќи од септември 2010. Потоа, во процесот на нејзиното едногодишно работење се променила раководната структура во ова училиште, односно како директор се назначува нејзина колешка, со што според подносителката почнува да се врши дискриминација врз неа од страна на директорката. Крајот на школската 2010/11 година на подносителката и престанува работниот однос согласно договорот.

Комисијата одлучи да не постапува по претставката согласно член 25 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој претставката може да се поднесе најдоцна во рок од три месеци од денот кога била сторена повредата.

2.4.12 Дискриминација врз основа на семејна и брачна состојба

Дискриминацијата врз основа на семејна и брачна состојба наведена е како основ во три претставки. Во една претставка во прашање е дискриминација по повеќе основи од кои еден е семејна или брачна состојба.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во еден случај, Комисијата, по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација.**

Пример:

Во претставка наведено е дека лицето Л.А е директно и индиректно дискриминирано од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес.

Имено, во претставка е наведено дека подносителот со Решение од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес, бил определен за старател во посебен

случај на лицето И. А. Меѓутоа, за него од непознати причини ова Решение престанува да важи и со ново Решение за старател е назначена неговата ќерка Ф. А. Со вака донесеното Решение смета дека е направена дискриминација и дека е ставен во понеповолана состојба во однос на неговата ќерка.

Во одговорот на претставката поднесен од страна на ЈУ меѓуопштински центар Велес е наведено дека по известување на Ф. А. нејзиниот татко Л.А, веќе подолго време го злоупотребува правото на подигање на пензијата, со тоа што парите ги троши за лични потреби, консумира алхохол и во алхохолизирна состојба ги малтретира домашните. Центарот направил увид во семејството, и по извршување на истиот констатирано е дека пријавата е основана, и дека при разговорот со лицето Л.А се однесувало насилнички и вулгарно. Комисијта не утврди дискриминаторско дејствие од страна на правното лице.

2.4.13. Дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, јазик и државјанство

Во текот на 2012 година до Комисијата не е доставена ниту една претставка по основа на раса, боја на кожа, јазик и државјанство.

2.4.14. Дискриминација врз основ на возраст

Примени се три претставки во кои како основ е наведена возраста. Поднесените се во областа на работа и работните односи, социјална сигурност како и во областа на правосудството и управата.

Врз основа на член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во два случаи Комисијата по утврдувањето на фактичката состојба, **констатира дека не постои дискриминација**. Во останатата претставка, постапката е во тек.

Пример:

Во поднесената претставка, подносителите наведуваат дека при пријавување на јавен оглас за поддршка на Проект за здруженија на граѓани за заштита на жртви на семејно насилство, се дискриминирани од страна на вработено лице во Министерството, бидејќи ова лице изјавило дека операторите - волонтерки се стари. Оваа изјава според подносителите на претставката е дискриминација врз основа на возраст.

Комисијата направи увид во доставените дописи од страна подносителот на претставката и во допите доставени од потенцијалните дискриминатори и не утврди постоење на дискриминаторско дејствие односно дискриминација врз основа на возраст. Во дописот од потенцијалниот дискриминатор приложена е и дополнителна документација односно изјава од сведок кој присуствувал на овој разговор со членовите на здружението. Во оваа изјава е наведено дека во ниту еден момент лицето не изјавува дека членовите на здружението се стари лица, и дека тоа е пречка за нивно вработување. Комисијата оваа изјава од сведок ја зема во предвид како релевантен доказ во побивањето на претходно изнесеното во поднесената претставка.

2.4.15. Дискриминација врз основа на имотен статус

Во 2012 година, во една претставка се наведува дека подносителот е дискриминиран врз основ на имотен статус, од страна на Јавно обвинителство- Тетово во областа- пристап до добра и услуги. Комисијата во овој случај не поведе постапка, од причина што од поднесените факти и докази не се утврди повреда на правото на кое подносителот се повикува, односно не постои дискриминаторско однесување и дискриминаторска основа, со што подносителот на претставка не е ставен во неповолна состојба во споредба со други лица.

2.4.16. Дискриминација врз друга основа

Во текот на 2012 година, до Комисијата се доставени шест претставки во кои како основ не се наведени ниту една од дадените 19 основи од Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку е искористена можноста на отворена листа на основи наведена под - *друго.*

Во три претставки подносителите наведуваат дека се дискриминирани врз основ на сексуална ориентација, во областа на образование, наука и спорт како и во областа на јавното информирање и медиуми.

Пример:

Поднесена е претставка од Коалицијата сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници против Факултетот за безбедност при Универзитетот Св. Климент Охридски - Битола. Подносителот во претставката наведува дека Факултетот за безбедност при Универзитетот Св. Климент Охридски - Битола, дозволил во наставната програма на истиот да се употребува учебник во студиската програма по предметот криминалистика, кој во себе содржи текст кој ги дискриминира луѓето врз основа на родов идентитет, родово изразување и сексуална ориентација.

*Во реченицата „Луѓето со оваа **девијантност**, со пресоблекувањето во облека од спротивен пол...“, со оглед на тоа дека се работи за научен опис на поимот трансвестизам, поимот девијантност би требало да се разбере во неговиот научен контекст: **„оддалечување од обичајните или прифатените стандарди“.** Комисијата за заштита од дискриминација е свесна за постоењето на различни дефиниции на овој поим, во зависност од контекстот во кој е искажан, и се сложува дека истиот може да се употреби и за вознемирување на одредена група на луѓе, , но сепак во овој контекст Комисијата единствено го гледа неговото научно значење.*

Комисијата по утврдувањето на фактичката состојба, констатира дека во овој случај не се утврдува дискриминација врз основа на некоја од наведените основи, односно Комисијата смета дека во конкретниот случај станува збор за научен став донесен врз основа на научно истражување.

Во три претставки подносителите наведуваат дека се дискриминирани врз основ на вознемирување, личен или општествен статус, мобинг, припадност на маргинализирана група и друго, во областа на јавно информирање- медиуми ,и во областа на работата и работните односи.

Пример:

Во претставка подносителот наведува дека е дискриминиран од страна на директорот на Клиничка болница-Штип. Во поднесената претставка подносителот наведува дека е дискриминиран врз основа на вознемирување, личен и општествен статус. Подносителот наведува дека директорката го сменила од едно работно место, на друго. Подносителот на преставката смета дека е обесправен и поднел жалба до Управниот одбор. По утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата констатира дека Управниот одбор му ја прифатил жалбата и тој е вратен на старото работно место. Во телефонскиот разговор реализиран со странката , поднесувачот на претставка го потврди тоа и е согласен да се прекине постапката.

Во овој случај постапката беше запрена, од причина што на подносителот му е отстранета повредата на правото на кое се повикува,со што претставката е веќе беспредметна.

Иако бројот на поднесени претставки по основ на сексуална ориентација е многу мал, Комисијата е свесна дека дискриминацијата по овој основ сеуште е многу распостранета во Македонија, како во јавниот така и во приватниот сектор.

2.4.17. Поднесени претставки без основ на дискриминација

Во 2012 година во 11 претставки не е наведен основ на дискриминација, односно не е наведена ниту една лична карактеристика заради која што подносителот смета дека е дискриминиран. Во овие претставки беа наведени повреда на некои други права или воопшто не се работело за повреда на право, но подносителите на претставки ситуацијата во која се нашле ја доживеале како дискриминација.

Согласно член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за заштита од дискриминација постапува по поднесени претставки доколку утврди дека некое лице било дискриминирано директно или индиректно врз некоја од дискриминаторските основи „...***пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или било која друга основа која е предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор“.***

Пример:

Подносителка на претставка наведува дека е дискриминирана во однос на станарите кои немаат платено куќен совет на една сметка. Поднесената претставка беше нејасна и конфузна, поради што Комисијата писмено се обрати до подносителката на претставката со барање за дополнување и дообјаснување на истата. Комисијата не доби одговор по ова барање.

Комисијата за заштита од дискриминација ја разгледа претставката и по однос на оваа претставка, не утврди дискриминација, од причина што од поднесените факти и докази очигледно е дека нема повреда на правото на кое се повикува.

Големиот број на поднесени претставки без основ на дискриминација ни покажува дека феноменот на дискриминација е се уште релативно непознат за широката јавност и дека многу повреди и неправедни ситуации се сметаат за дискриминација.

2.5. ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОБЛАСТИ

Врз основ на член 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се применува од страна на сите државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа, правни лица и физички лица во областа на: работата и работните односи; образованието, науката и спорт; социјалната сигурност вклучувајќи го подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита; правосудство и управа; домување; јавно информирање и медиуми; пристап до добра и услуги; членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство; култура и други области определени со закон.

До Комисијата за заштита од дискриминација во текот на 2012 година пристигнаа вкупно 75 претставки од кои:

- 28 претставки во областа на работата и работните односи
- 12 претставки во областа на социјалната сигурност
- 11 претставки во областа на пристап до добра и услуги
- 10 претставки во областа на правосудството и управа
- 8 претставки во областа на јавното информирање и медиуми
- 6 претставки во областа на образованието, наука и спорт
- 1 претставка во областа на домувањето
- 4 претставки во други области определени со закон
- Во 2 претставки не е наведена областа

Области по поднесени претставки



Од вкупно добиените предмети, во 70 претставки наведена е само една област на дискриминација, во шест претставки наведени се две области на дискриминација и само во една претставка наведени се повеќе од три области на дискриминација.

2.6. ПРОТИВ КОГО СЕ ПОДНЕСУВААТ ПРЕТСТАВКИТЕ

Најголем број на доставени претставки се поднесени против државните органи. Во рамките на оваа категорија, најмногу претставки се поднесени против Министерствата (МВР, Министерство за образование, Министерство за здравство итн.), единици на локална самоуправа и нивни органи (училишта), против здравствени установи (болници), итн. Во 26 случаи претставките се однесуваат против физички лица, додека пак во 70 случаи претставките се против правни лица.



ЗАБЕЛЕШКА: Во некои претставки подносителите наведуваат повеќе потенцијални дискриминатори.

2.7. ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ ПО РЕГИОНИ

Најголем број на претставки се поднесени од лица со живеалиште во Скопје-44 претставки. Ова е показател дека Комисијата за заштита од дискриминација е највидлива во Скопје и околината.

Во 2012 година, до Комисијата се доставени 8 претставки од Битола, 7 претставки од Прилеп, 5 од Тетово, 4 од Штип, две од Гевгелија, две од Струмица и по една претставка од Велес, Гостивар, Дебар, Неготино, Струга.

Комисијата и во текот на 2013 година, ќе превзема низа активности со цел ова тело да биде достапно, препознатливо и видливо на цела територија на Република Македонија.

Поднесени претставки по региони



3. СОРАБОТКА

3.1. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Комисијата за заштита од дискриминација во изминативе две години од нејзиното оформување, воспостави мрежа на соработка со многу меѓународни организации како во Македонија така и во странство, со чија помош се реализираа различни активности кои се од големо значење за јакнење на капацитетите на Комисијата.

Учество на Годишно Генерално Собрание на Equinet, (5 декември 2012 година, Брисел)

На 20-ти април, Комисијата ја поднесе својата официјална апликација за полноправно членство во Equinet,(Европската мрежа на тела за еднаквост) , со што на Комисијата за заштита од дискриминација и беше одобрено членство кое што е во согласност со Equinet статутите а со тоа Комисијата доби статус на набљудувач. Во контекст на тоа, во Брисел на **5 декември** се одржа Годишно Генерално Собрание на Европската мрежа на тела за еднаквост(Equinet), на кое учество зема еден од членовите на Комисијата, каде што Комисијата за заштита од дискриминација беше прогласена како полноправна членка на Европска мрежа на тела за еднаквост.

Ова членство ќе придонесе кон зајакнување на капацитетите на Комисијата, преку отварањето на можноста за непосредна соработка со телата за еднаквост на другите држави од Европа. Во иднина Комисијата ќе има пристап до сите публикации, обуки, советувања, размена на искуства, како и разни други активности кои се дел од програмата на Equinet .

3.1.1 Студиски посети

Со поддршка на меѓународни организации членовите на Комисијата за заштита од дискриминација имаа можност да остварат средби со бројни институции и тела кои во својот домен ја вклучуваат заштитата на човековите права, еднаквоста како и борбата против дискриминацијата. Со учеството на овие средби Комисијата имаше можност да сподели а воедно и да размени искуства со институциите за еднаквост, да увиди со какви проблеми се соочуваат овие тела, кои се начини се користат за справување со истите и сл. Од големо значење се и препораките од страна на странските тела во однос на решавање на конкретни проблеми со кои се соочува Комисијата. Преку ваквиот тип на средби се зголеми видикот на креативни идеи, начини на размислување, како и осмислување реални визии кои би придонеле растење во однос на работата и капацитетите на Комисијата.

Студиска посета, (24-26 април 2012 година, Брисел)

Студиската посета во Брисел е организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. Учесници на оваа студиска посета беа членовите на Комисијата и претставници на ОБСЕ. Главна цел на студиската посета во Брисел беше да се обезбеди увид и

совет за воспоставување и функционирање на инфраструктурата за еднаквост во Белгија. За таа цел, членовите на Комисијата имаа можност да се сретнат со Белгискиот институт за рамноправност меѓу жените и мажите (Belgian Institute for Equality between Women and Men) и Центарот за еднакви можности и спротивставување со расизмот (Centre for Equal Opportunities and Opposition to Racism). Исто така, членовите на Комисијта имаа состаноци со Европската комисија- Генералниот директорат за правда, Европската мрежа против расизам (ENAR), Меѓународната асоцијација ILGA- Европа, и европски форум за хендикеп (European Disability Froum), каде што на состаноците со овие институции на Комисијата и овозможија сеопфатен поглед на правната и политичката рамка за анти-дискриминација во ЕУ. Главните теми за кои се дискутираше беа стекнатото искуство и прашања со кои се соочува Комисијата во својата прва година на постоење, како и активностите и мерките кои се преземаат од страна на горенаведените институции и организации во рамките на своите надлежности за заштита од дискриминација и промовирањето еднаквоста и толеранцијата.

Студиска посета, (2-6 април 2012 година, Бугарија)

Оваа студиска посета на Бугарската Комисија за заштита од дискриминација, беше организирана од страна на Центарот за економски развој, од Бугарија, и Центарот за истражување и креирање политики од Македонија , како дел од проектот "Размена на ЕУ најдобри практики во областа на спроведување на антидискриминаторска легислатива ", финансиран од Европската унија. Во текот на оваа студиска посета, претставниците на македонската комисија беа во посета на бугарското Министерство за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование, млади и наука, Народниот правобранител, како и во една од регионалната канцеларија на бугарската комисија за заштита од дискриминација. Исто така, беа одржани и состаноци со Институтот отворено општество - Софија, бугарскиот Хелсиншки комитет, бугарската фондација за родови истражувања, Ромската Лом Фондација , Центарот за Самостоен Живот и Билитис Центарот за човечки ресурси.

Студиска посета, (11-15 јуни 2012 година, Шведска)

Студиска посета на Шведската инфраструктура за еднаквост беше организирана за членовите на Комисијата за заштита од дискримианција, како и за вработените од Одделението за заштита од дискриминација и Одделението за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби при Народниот правобранител, во организација и под покровителство на Мисијата на ОБСЕ во РМ. На оваа студиска посета, учесниците имаа можност да ги посетат следните тела за заштита на човекови права: Тематската група за еднаквост, Омбудсманот за еднаквост, Парламентарниот Омбудсман на Шведска, Министерството за вработување на Шведска, Одделението за прашања поврзани со дискриминацијата, Бирото за антидискриминација во Упсала. Претставниците на оваа студиска посета, имаа можност поблиску да се запознаат со работата на овие институции, да се запознаат со пристапите и моделите за борба против дискриминација, преку искуства, пракса,

предизвици во оваа област и начини на кои се решаваат истите, различните улоги на независните тела, механизми за справување со жалбите и така натаму. Придобивките од овие средби се од големо значење за претставниците од Македонија, пред се размената на искуства, начините на работа и слични активности кои се од доменот на проблематиката која е суштинска за овие организации.

Учество на обука на телата за еднаквост- EQUINET (26-27 септември 2012 година, Малта)

Ова е прва средба, на која што Комисијата имаше свој претставник. Работната група за комуникација е една од четирите работни групи на EQUINET. На оваа обука членовите на Комисијата имаа можност да се здобијат со практични знаења за најдобрите начини да стигнат до ранливите групи и потенцијални жртви на дискриминација, да се изгради доверба, размена на искуства и практики во осмислување на стратегии за комуникација и спроведување на комуникациски активности кои придонесуваат кон градење на поширока култура на правата. На ова беа присутни претставници од националните тела за заштита на човекови права од Северна Ирска, Чешка, Хрватска, Романија, Италија, Шпанија итн. Целта на студиската посета беше, размена на искуства и практики во осмислување на стратегии за комуникација и проведување на активности за комуникација кои придонесуваат кон градење на поширока култура на правата.

3.1.2. Состаноци и обуки со претставници на меѓународни организации

Учество на семинар (31 мај- 1 јуни 2012 година, Стразбург)

Комисијата за заштита од дискриминација зема учество на семинарот на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), со наслов "Семинар со националните специјализирани тела за борба против расизмот и расната дискриминација: Тела за Анти-дискриминација - последните трендови и предизвици ", што се одржа во Стразбург. Главно, во фокусот на семинарот беше спојување на специјализирани тела со цел на создавање на институции со поширок цели на полето на човековите права, како и проширувањето на мандатите на веќе постоечките тела за еднаквост.

Состанок со Советникот за политички прашања Мариса МекАјзак од Амбасадата на САД, (09.02.2012 година, Скопје)

Во месец февруари 2012 година, во просториите на Комисијата, се одржа состанок со Советникот за политички прашања Мариса МекАјзак од Амбасадата на САД, која што ги изнесе познавањата со системот на еднаквост во САД. Воедно, беше запознаена и со работата на Комисијата како и со предизвиците со кои истата се соочува. Членовите беа запознаени со фазите на постапување, исто така, а и со конкретни случаи во кои била утврдена дискриминација.

Обука со независен експерт и поранешен директор на Ирското тело за еднаквост Naill Crowley, (19-23 март, 2012 година, Скопје)

Во просториите на Комисијата се одржа обука поддржана од страна на експертската мисија ТАИЕКС, водена од независниот експерт Niall Crowley (поранешен директор на Авторитетот за еднаквост во Ирска). Оваа обука беше спроведена со цел за спроведување и имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Од страна на експертот беа споделени искуства од работата на Ирското тело и тоа во првите години на неговото функционирање, со предизвиците со кои истото се соочувало, се со цел да се направи компарација со КЗД како ново тело за еднаквост и да се извлечат позитивните искуства од сето тоа. Низ обуката детално беше разработен Законот и неговото разбирање од повеќе аспекти, на овој начин Комисијата разреши доста дилеми со кои се соочуваше во текот на работењето. Оваа средба и работа со независниот експерт беше од голема важност посебно во начинот на изработка на стратегии, методологии на работа, како и развивање, користење на комуникациска стратегија за која Комисијата изрази посебна заинтересираност. Остварувањето на средби од овој тип се од голем придонес за растењето на Комисијата како препознатлив заштитен механизам во борбата против дискриминацијата.

Состанок со претставник од ЕУ, Брус Адамсон (23 април, 2012, Скопје)

Како дел од Високиот дијалог дека Република Македонија влезе во Европската унија за поглавјата 23 и 24, Комисијата доби посета од г-дин Брус Адамсон, претставник од Европска унија. На оваа средба, како дел од овој "неформален скрининг", се дискутираше за работата на Комисијата, прашања и начините како да се надминат проблемите со кои се соочува КЗД итн.. Еден од релативно поголемите проблеми кои претставуваат пречка во континуираниот развој на Комисијата е недостигот од Секретаријат, за која потенцираше и претставникот од Европска унија Брус Адамсон.

Меѓународна конференција, октомври 2012 година, Скопје

Комисијата зема учество на Меѓународна конференција на тема *"Размена на најдобрите ЕУ практики за имплементација за законодавството од областа на антидискриминација".* На конференцијата учествуваа претставници од Европскиот парламент г-дин Ричард Хоуит-известувач, Комисијата за надворешни работи, претставник од Република Бугарија, итн.

Состанок со Комесарот за човекови права Нилс Муижниекс (26 ноември 2012, Скопје)

Состанокот се одвиваше во насока за тоа која е визијата и мисијата на Комисијата, како истата работи, кои се нејзините надлежности, но воедно и кои се предизвиците со кои се соочува. Во текот на дискусијата беа отворени и прашања кои ја засегаат заштитата на рамноправноста на националните малцинства, со фокус на Ромите, за законските овластувања на Комисијата, истражувањата и анализата на собраните податоци.

Притоа беа дадени и предлози од страна на комесарот за тоа што е потребно Комисијата да превземе во однос на нејзиното зајакнување и зрело прераснување во препознатлива институција во борбата против дискриминација, односно беше потенцирано и укажано на потребата од внатрешно структурално јакнење на Комисијата поточно формирање на Секретаријат. Со решавање на овој проблем ќе се подобри процесот на работењето, од страна на Комесарот на човекови права Нилс Муижниекс беше укажано дека би се овозможило значаен пораст на функционалноста на самата Комисија.

Состанок со независен експерт и поранешен директор на Ирското тело за еднаквост Naill Crowley,(декември, Скопје)

Во просториите на Комисијата, се одржа состанок за евалуација на работата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Акцентот беше ставен на укажаната поддршката која ја добива Комисијата од страна на ОБСЕ Мисијата во Скопје, од моментот на нејзиното формирање, па се до денес. Се дискутираше за тоа кој е исходот од поддршката, каква поука Комисијата извлекла за во иднина, како и за предизвиците од пред две години и предизвици за наредните 2 години. Niall Crowley беше информиран и за придобивките кои произлегоа од соработката со ОБСЕ, во однос на јакнење на капацитетите на Комисијата, преку обуки, работилници, меѓуинституционални работилници, изготвување на двојазични брошури, изработка на веб страна, инсталирање на дата база за водење на статистички податоци и сл.

3.1.3 Проекти

Во текот на 2012 година Комисијата за заштита од дискриминација во соработка со ОДИХИР реализира проект под наслов: *Најдобри практики за интеграција на Ромите (Best practices for Roma integration) во Западен Балкан, кој што ќе трае цела 2013 година.*

Најдобрите практики за интеграција на Ромите (BPRI) е регионален проект за земјите од Западен Балкан поддржан од ОБСЕ и имплементиран од страна на ОДИХИР. Негова цел е да придонесе кон интеграцијата на Ромите во регионот, како и одраз на заложбите, кои биле направени со цел за нивно евентуално приклучување кон ЕУ и како членки на ОБСЕ.

Како дел од Акциониот план за Ромите, Декадата за вклучување на Ромите и националните владини стратегии за интеграција на Ромите, владите, невладините организации и ромските граѓански општества во Западен Балкан работат заедно на промовирање на социјалното вклучување на Ромите и борбата против дискриминација со кои се соочуваат.

Една од активностите на овој проект е и овозможување на техничка подршка на Комисијата за заштита од дискриминација на Р. Македонија – Roma Focal Point, односно вработување на едно лице од ромската националност во Комисијата, во период од една година (2012 година), со цел доближување на Комисијата до ромската заедница. Во склоп на овој проект, планирано е одржување на 15 информативни отворени средби низ Р. Македонија, главно во соработка со ромските невладини организации, односно со учесници од ромската заедница како и претставници од другите заедници.

Целта на информативните работилници е промоција на Комисијата и информирање за начинот на поднесување претставки, начинот да работа на Комисијата и постапување, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

3.2. Соработка со органи надлежни за остварување на еднаквост и заштита на човековите права на локално и национално ниво

Во изминатата година значително беше подобрена соработката со органите надлежни за остварување на еднаквоста и заштита на човековите права на локално и национално ниво.

Комисијата за заштита од дискримианција и во 2012 година продолжи со соработката која ја воспостави во 2011 година со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Кон таа цел, потпишан е и нов Меморандум за соработка за 2012 година помеѓу овие две тела[21].

3.2.1 РАБОТИЛНИЦА ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КОМИСИЈАТА, СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Првата работилница се одржа на 31-ви мај 2012 година, а истата беше со наслов “Соработка помеѓу Комисијата, социјалните партнери и единиците на локалната самоуправа“. На оваа работилница беа присутни претставници од трите синдикати како и претставници од здружението на работодавачи. Во суштина, ова е продолжение на слична работилница реализирана во 2011 година, воспоставената соработка на оваа работилница беше продлабочена со нови информации,со запознавање на новите институционални потреби како и предлог начините за нивно реализирање.

3.2.2 РАБОТИЛНИЦА ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КОМИСИЈАТА, ИНСПЕКТОРАТИТЕ И ДРУГИ ЦЕНТРАЛНИ ИНСТИТУЦИИ

На 10-ти јули 2012 година, се одржа работилница на тема “Соработка помеѓу Комисијата, инспекторатите и други централни институции“. На оваа работилница беа присутни претставници од канцеларијата на Народниот правобранител, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Р. Македонија, Советот за радиодифузија, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, понатаму, претставници од социјалната инспекција, ЈУ Завод за социјални дејности, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државен управен инспекторат, Државниот инспекторат за труд итн.

[21] Види точка 8 ЗАКЛУЧОЦИ

Целта на работниот состанок беше поддршка на процесот на апроксимација на препораките на соодветните национални институции и организации во однос на функционирањето на Комисијата за заштита од дискриминација. Работниот состанок, исто така, овозможи размена на идеи и искуства, продлабочување на соработката на Комисијата за заштита од дискриминација како со инспекторатите така и со други централни институции.

3.2.3 РАБОТИЛНИЦА ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КОМИСИЈАТА И СОБРАНИСКИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА

Последната работилница од серијата работилници за продлабочување на соработката со релевантните институции, се одржа на 9-ти ноември, и беше со наслов "Соработка помеѓу Комисијата и Собраниските работни тела". На оваа работилница бешеприсутна Заменик претседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Сузана Салиу, претседателот на Интерпартиска парламентарна група за заштита на лица со хендикеп при Собрание на Република Македонија, г.Павле Саздов, претседателот на Комисија за еднакви можности на мажите и жените, г-ѓа Лилјана Поповска, претставници од постојната Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните, Комитетот за односи меѓу заедниците итн.

Фокусот на овој состанок беше ставен кон отворена соработка, взаемно помагање за решавање на реално- системски проблеми. Меѓу другото, беше дадена можност за размена на идеи и искуства помеѓу институциите, кои претставуваат суштински елемент во борбата за заштита од дискримианција, како и промоција и афирамација на концептите на еднаквост, толеранција и недискриминација. Во тој контекст, акцент се стави на модалитетите на идна соработка на Комисијата со собраниските работни тела.

3.2.4 МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

На 27-ми јуни 2012 година, Комисијата за заштита од дискримианција и Академијата за судии и јавни обвинители го потпишаа Меморандумот за соработка, со кој се дефинира полето и обемот на соработка помеѓу страните потписнички, во рамки на своите овластувања, заеднички настап пред јавноста, но и пред потенцијални донатори и заедничко учество на проекти на полето на спречување и заштита од дискриминација, како и во однос на промоција и афирмација на концептите на еднаквост, толеранција и недискриминација.

Активностите, кои се предмет на Меморандумот за соработка, вклучуваат:

1. Комисијата и Академијта, во рамките на своите надлежности заедно ќе организираат континуирани обуки за своите целни групи, работни средби и јавни настапи.
2. Комисијата и Академијата ќе соработуваат и заедно ќе настапуваат на проекти кои за цел имаат спречување и заштита од дискриминација, промоција и афирмација на концептите на еднаквост, толеранција и недикриминација, подигнување на јавната свест за истите и сл.
3. Комисијата, со надлежност да прибира статистички и други податоци, формира бази на податоци, спроведува студии и истражувања, на барање на Академијата, ќе

ги направи достапни податоците од соодветна база на податоци, резултатите од спроведените студии и истражувања, како и други податоци од своја надлежност.

4. Комисијата, со надлежност да постапува по претставки, дава мислење и препораки за конкретни случаи на дискриминација, по барање на Академијата или по сопствена иницијатива, ќе ги доставува до Академијата мислењата и препораките кои се од интерес на Академијата.
5. Комисијата и Академијата ќе соработуваат во однос на промоција и дефинирање на улогата на Комисијата пред правосудните органи, во случај кога е поднесена тужба за заштита од дискриминација, било како последица на донесено мислење и препорака од страна на Комисијата или независно од истото.
6.

3.3. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во изминатата година беше значително подобрена соработката на Комисијата со граѓанските организации, кои се исклучително важни партнери во борбата против дискриминацијата. Комисијата има развиено разни форми на соработка со голем број на организации од целиот регион на Македонија: партнерство во спроведување на проект, учество на состаноци, настани и конференции, соработка во однос на претставки итн.

Кон крајот на 2012 година, организирана е работилница за соработка помеѓу Комисијата и граѓанските организации, на која што се разговараше за начините за подобрување на веќе воспоставена соработка, подобрување на меѓусебната комуникација, како и за заедничките идни активности.

Во досегашниот период остварена е соработка со различни организации: Полио+, Фондација отворено општество СОРОС, ОДИХР, Хелсиншки комитет за човекови права, СУМНАЛ, Ромска организација за мултикултурна афирамција (РОМА С.О.С), Центарот за истражување и креирање на политики и др.

Одржани се неколку средби со претставници на граѓански организации:

На 16 февруари 2012 година, Центарот за истражување и креирање на политики ја промовира анализата: “Како да се елиминира дискриминацијата во јавниот сектор?“ на која што Комисијата беше значаен извор на информации при подготовка на анализата и во текот на истражувањето беа интервјуирани членовите на Комисијата. На настанот како говорници присуствуваа и членовите на Комисијата, кои што говореа за темата од аспект на стекнатото искуство во текот на работењето.

На 4 април 2012 година, претставник на Комисијата беше присутен на потпишувањето на Признанија за соработка за проектот на македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права "Подобрување на вклученоста во рамките на демократските процеси на заедниците кои се помалку од 20%", финансиран од страна на ЕУ/ЕИДХР, и Амбасадата на Чешка во Македонија.

Целта на овој проект е да се подобри учеството на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија, за подобрување на нивната политичка, медиумска и културна презентација и видливост, преку воведување на механизми за подобрување на нивното учество во демократските процеси.

На 10 април 2012 година, г-дин Душко Миновски учествуваше на конференцијата организирана од страна на Центарот за економски развој, од Бугарија, и Центарот за истражување и креирање политики, од Македонија, на која се презентира направената анализа на сегашното законодавство на Република Македонија . Оваа активност има големо значење за Комисијата.

На 17 мај 2012 година, Комисијата беше учесник на јавна дискусија на тема "Дискриминацијата и механизмите за заштита од дискриминација" која се одржа во Прилеп, во организација на НВО акција за мир, РОМА СОС и Здружението на млади економисти. По овој повод, претседателот на Комисијата даде преглед на македонскиот систем за заштита од дискриминација, како и подетална слика за улогата на Комисијата како централен државен орган за спречување и заштита од дискриминација.

На 23 мај 2012 година, , Фондацијата отворено општество Македонија го објави својот "Извештај во сенка за Комисијата во сенка" - извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација во својата прва година. На овој настан Комисијата излезе со аргументиран став во однос на не така позитивно - критичкиот осврт кој беше содржан во овој извештај.

На 6-ти ноември, 2012 година, членови на Комисијата присуствуваа на регионална конференција на тема *“Нов предизвик за движењето на лицата со хендикеп*“ организирана од страна на ТАКСО и Полио плус.

На 20.11.2012 година, Комисијата присуствуваше на финалната конференција од проектот “Подобрување на пристапот до правата за жртви на дискриминација“, во организација на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, на која Комисијата зема учество во дел од панел-дискусијата и ја претстави работата на Комисијата. Тема на конференцијата беше *“Закон за заштита од дискриминација и механизми за пристап до правда на жртви на дискриминација: Проблеми, предизвици и потреба од промени*“.

Институтот за човекови права, во рамките на проектот за имплементација на проектот *“Дискриминација на Ромите во образовниот процес: Кршење на sudot на одбивање и сегрегација“,* на 11.12.2012 година организира тркалезна маса на истата тема, во општина Чаир и на истата присуствуваа и претставници од Комисијата.

Тема на тркалезната маса која што се одржа на 13.12.2012 година, беше “*Дискриминација, состојби и предизвици“*и на истата беа презентирани и дискусирани проблемите кои што се појавуваат во пракса при примена на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Настанот беше организиран во рамките на проектот “Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес на Институтот за човекови права во соработка со Националниот Демократски Институт.

3.4. СОРАБОТКА СО МЕДИУМИ

Во однос на претходната година, интересот на медиумите за работата на Комисијата значајно беше зголемен. Зголемувањето на бројот на настапи во медиумите, првенствено се должи на многу активности на членовите на Комисијата, но, исто така, се должи и на зголемената свест на новинарите за важноста на ова тело. Во 2012 година во печатени и електронски медиуми , објавени се бројни изјави, коментари, соопштенија вклучувајќи статии и текстови во кои се спомнува Комисијата за заштита од дискриминација.

Членовите на Комисијата во бројни наврати беа присутни на националните и локалните телевизии, преку кои ги промовираа принципите на еднаквост, толеранција и недискриминација. Во тој контекст, значаен е и податокот дека Комисијата медиумски настапи во емисија на телевизија "24 Вести", во утринската емисија на телевизија Алфа, на Македонската радио-телевизија, каде што беа промовирани работата и надлежностите на Комисијата, промоција на концептите на еднаквост и толеранција, беше истакнато досегашното искуството од работењето на Комисијата во изминатите две години од нејзиното оформување, а воедно и предизвиците со кои што се соочува. Претседателот на Комисијата беше гостин на радио емисии на "2 радио",каде што тема беше спречување и заштита од дискриминација, човековите права, на која што беа промовирани принципите на еднаквост, толеранција и недискримнација. Комисијата ги одбележа деновите од значење за спречувањето и заштитата од дискриминација, како што се Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, Денот на човековите права, Меѓународниот ден на толеранција, Меѓународен ден на Ромите итн., преку соопштенија до сите електронски и печатени медиуми. Во тие соопштенија беше наведена потребата за почитување, толеранција и свесност за проблемите со кои се соочуваат сите дискриминирани личности, кои спаѓаат во тие групи, со што, пак, се зголемува свеста на граѓаните за постоењето и сериозноста на тие проблеми, како и потребата од нивно препознавање и решавање.

Понатаму, од страна на медиумите беше објавено и експертското мислење на Комисијата за Предлог- Нацрт законот за изменување и дополнување на Законот на безбедност на сообраќајот и патиштам кое што исто така беше пратено и до Претседателот на Собранието на РМ. Во исто време, подобрен е изгледот на интернет страната на Комисијата www.kzd.mk, кој е збогатен со нови содржини и информации, како и Мислењата на Комисијата.

Во контекст на преземањето на активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата, а во рамките на спроведување на наставата по предметот ранливи групи и забрана на дискриминација, во просториите на Комисијата присуствуваа студенти од четврта година на додипломски студии од Факултетот за безбедност, од отсекот човекови права. Членовите на Комисијата ја презентираа својата работа, нејзините надлежности и активности, како и примери од поднесени претставки, во кои е утврдена дискриминација. Вториот дел беше отворен за поставување на прашања од студентите до

членовите на Комисијата. Преку оваа посета, студентите имаа можност да стекнат практични знаења во врска со функционирањето на Комисијата, а особено процесуирањето на претставките, достапноста на Комисијата и резултатите од преземените активности.

3.5. СОРАБОТКА СО СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Комисијата за заштита од дискриминација, и во 2012 година, активно продолжи со соработката која ја воспостави во 2011 година со Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Македонија.

Во тој контекст, претставник на Комисијата беше присутен на координативни состаноци во насока на квалитетна подготовка на IX Поткомитетот за правда, слобода и безбедност во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој што се одржа на 30.11.2012 година во Брисел.

Исто така, Комисијата до Секретаријатот доставуваше месечни извештаи за напредокот на полето на промоција на еднаквоста и заштита од дискриминација. Овие две активности претставуваат воспоставена пракса и во 2012 година.

4. УЧЕСТВО НА ОБУКИ, ТРКАЛЕЗНИ МАСИ И РАБОТИЛНИЦИ

4.1. ОБУКИ ВО ВРСКА СО ДИСКРИМИНАЦИЈА

Во рамките на проектната активност на анти-дискриминационото портфолио на ОБСЕ, во текот на 2012 година, за членовите на Комисијата, беа организирани напредни обуки за различни основи на дискриминација, и тоа: Обука за заштита од дискриминација врз основ на пол / род, обука за заштита од дискриминација врз основ на возраст и обука за дискриминација по основ на хендикеп.

Обука за превенција и заштита од дискримианција, 05-07. 03.2012 година

Од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, се одржа обука со наслов *"Обука за превенција и заштита од дискриминација*". На обуката присуствуваа членовите на Комисијата, но и претставници од институцијата на Народниот правобранител.

Обука за заштита од дискриминација по основ на пол и род, 28-29.06.2012 година

Во рамките на активностите и соработката која Комисијата ја има со Мисијата на ОБСЕ, беше одржана дводневна обука, која во фокусот ја имаше дискриминацијата врз основа на пол и род. Обуката беше реализирана од страна на двајца меѓународни експерти. На

обуката беа разгледувани случаи од практиката на Европскиот суд на правдата, како и на Европскиот суд за човекови права, кои се однесуваа на дискриминација по основ на пол и род.

Обука дискримианција врз основа на возраст, 27-28.09.2012 година

Оваа обука, беше реализирана со цел за надградување на знаењата во врска со дискриминацијата по основа на возраст. На обуката беа разгледувани случаи од практиката на Европскиот суд на правдата, како и на Европскиот суд за човекови права кои се однесуваа на дискриминација по основ на возраст.

Обука за дискримианција врз основ на расна и етничка пирпадност, религија и верско уверување, 15-16.11.2012 година

Обука за дискриминација врз основ на расна и етничка припадност, религија и верско уверување беше организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на истата учество земаа претставници од Комисијата како и од канцеларијата на Народениот правобранител-одделението за дискриминација. На обуката беа разгледувани случаи од практиката на Европскиот суд на правдата, како и на Европскиот суд за човекови права кои се однесуваа на дискриминација по основ на расна и етничка припадност, како и религија и верско уверување.

Обука за дискримианција врз основа на хендикеп, 6-7.12.2012 година

На оваа дводневна обука, со наслов "*Обука за заштита од дискриминација врз основ на хендикеп*" која што се одржа во Мавроово, се работеше на Меѓународната конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, Судската пракса на Европскиот суд за човекови права и комитетот за социјални права, воедно интерактивно се работеше на избрани студиски случаи итн. Обучувачи на обуката беа г. Neil Crowther, меѓународен експерт, како националниот експерт г-ѓа Жанета Поповска.

4.1.1. Останати обуки

Обука за обучувачи за медијација

Од 23- 25 ноември 2012 година претседателот на Комисијата учествуваше на "Обука за обучувачи за медијација". Обуката беше организирана преку Проектот "Поддршка за унапредување на имплементација на медијација", донатор на истиот е Амбасадата на Кралството Холандија а корисник на проектот е Министерство за правда на РМ.

Обука за обучувачи

Од страна на Академијата за судии и јавни обвинители и Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше организирана "Обука за обучувачи", и на истата присуствуваа и членови од Комисијата. Од оваа обука произлезе дека два члена од Комисијата може да испорачуваат обуки на судии и јавни обвинители. Согласно горенаведеното, одржани се две дводневни обуки на судии и јавни обвинители на кои што обучувачи беа двајца членови од Комисијата за заштита од дискриминација.

4.2. УЧЕСТВО НА ТРКАЛЕЗНИ МАСИ

Учество на тркалезна маса- 08.02.2012 година

По покана на Народен правобранител, во ЕУ инфо Центарот, Комисијата присуствуваше на тркалезна маса на тема "*Механизми за заштита од дискриминација во РМ*". Отварањето на тркалезната маса го започна г.Иџет Мемети-Народен правобранител на РМ, додека пак претседателот на Комисијата беше еден од говорниците на тркалезната маса, и говореше за најчестите форми на дискриминација констатирана од страна на Комисијата за заштита од дискриминација, како и за мерки и дејствија за постапувањето.

Учество на тркалезна маса- 09.10.2012 година

Академијата за судии и јавни обвинители, и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше тркалезна маса на тема "*Говор на омраза*" на која што присуствуваа и членови од Комисијата. Оваа средба беше наменета за судии и јавни обвинители од сите инстанци и од сите апелациони подрачја, новинари, како и претставници од други релевантни институции. Во текот на дискусијата беа презентирани излагања на наодите од правната анализа за криминал на омраза и говор на омраза.

Учество на тркалезна маса -24.10.2012 година

Комисијата за заштита од дискриминација беше дел од тркалезната маса организирана од страна на Народниот правобранител, Одделение за недискриминација и соодветна и правична застапеност на тема "*Остварување на правото на еднаквост и заштита од дискримианција*'', во Битола. На оваа средба беа присутни претставници од релевантни институции кои земаа учество низ дискусија со што ги изнесоа своите видувања во однос на темата. Додека пак, говорници на оваа средба беа заменик - Народен правобранител, претставник од одделението за недискриминација и соодветна и правична застапеност, член од Комисијата за заштита од дискриминација, и други претставници кои дадоа презентација за искуствата од работењето, како и запознавање на присутните за концептот на антидискриминација.

Учество на состанок-13.03.2012 година

Во просториите на Секретаријат за европски прашања, двајца членови од Комисијата присуствуваа на состанок во работната група за Политички критериуми, посебно во делот на Фундаменталните права. На овој состанок се дискутираше за оценската мисија која се спроведе на 23-27 април во областа на правда, слобода и безбедност.

Учество на тркалезна маса, 26.09.2012 година

Се работи за проектни активности кои што имаа за цел јакнење на капацитетите на Одделението за недискриминација при Народниот правобранител и соодветна и правична застапеност и на Одделението за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби.

На тркалезната маса присуствуваше и член од Комисијата. Истата беше организирана од страна на Народниот правобранител, со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија.

4.3. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

На 22 октомври членови на Комисијата присуствуваа на јавната седница на Советот за радиодифузија на тема: Родот во телевизиските програми, на која беа презентирани резултати од истражувања спроведени годинава. На овој настан детално беше разработена анализата на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање како и анализата на начинот на прикажување на жените и мажите во програмските концепти и содржини.

Македонската академија на науките и уметноста, со подршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Академијата за судии и јавни обвинители на РМ, по повод 16 ноември-Меѓународен ден на толеранцијата, организира дебата на тема "Говорот на омраза-предизвици во ерата на толеранцијата, различноста и кохезијата". На настанот присуствуваше и Комисијата.

Во првата половина месец декември 2012, Комисијата за заштита од дискриминација присуствуваше на работилница која беше во организација на Агенција за остварување на правата на заедниците на тема: *"Форум за образование"*.

03.12.2012 Меѓународниот ден на лицата со хендикеп беше одбележан со настан во организација на невладината Полио Плус на кој беа присутни и членови од Комисијата за заштита од дискриминација.

Во текот на 2012 година, Комисијата исто така, одржа бројни средби и состаноци со претставници од ЕУ Делегацијата, Мисијата на ОБСЕ, Британска Амбасада, претставници од Европска Комисија, ОДИХИР итн. На некои од овие средби се разговараше за идни активностите во областа на заштита од дискриминација, идниот развој на Комисијата, како и за искористување на ТАЕКС инструментот, заеднички проекти и др.

Во текот на 2012 година, како дел од активноста на Комисијата за подигање на свеста, како резултат на соработката со општините беше презентиран Законот за спречување и заштита од дискриминација на членовите на Советот на локалната самоуправа на општина Ѓорче Петров. Исто така, на овој настан беше презентирана работата и активностите на Комисијата, како и концептот за развој на анти-дискриминацијата во Македонија.

На 14 декември по покана од Универзитетот трето доба-Скопје, претседателот на Комисијата присуствуваше на настан на кој што ја претстави Комисијата, нејзината законска работна рамка, го сподели искуството од работењето на Комисијата, пред околу 100 членови-студенти од Универзитетот. Оваа прилика беше искористена за презентација на работата на Комисијата, активностите кои се преземаат во борбата против дискриминацијата од страна на истата, споделувањето на искуството од работата беше од особено важно за овој профил на луѓе бидејќи истите имаа и можност за отворени прашања, чии одговори допреа доста реални ситуации.

Министерство за труд и социјална политика- согласно Програмата за работа на Влада на РМ и МТСП во контекст на имплементација на Законот за заштита и спречување од дискриминација, изработи Стратегијата за еднаквост и недискриминација. Во работната група за изработка на Стратегијата учествуваа и членови од Комисијата кои дадоа свој принес во изработка на истата.

5. КЛУЧНИ ПРОБЛЕМИ НА КОМИСИЈАТА ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗСЗД

5.1. СТРУКТУРАЛНИ ПРАШАЊА

5.1.1. Извештај за имплементација на финансискиот план за 2012 година

Во претходната година на Комисијата за заштита од дискриминација и беа одобрени 4.665.000.00 денари, од кои што беа потрошени 4.563.064.00. Со рабалансот на 07.06.2012 година, буџетот беше намален на 4.621.000.00 денари.

Сите средства беа испланирани и извршени во согласност со надлежностите, правата и овластувањата на Комисијата со цел нивно законско, ефикасно и економично искористување. Во прилог на овој Годишен извештај, го доставуваме и делот од Буџетот на Република Македонија за 2012 година, кој се однесува на средствата кои се предвидени за Комисијата, како и нивната поделба по ставки.

5.1.2. Буџетски ограничувања

Финансиските проблеми, односно буџетските ограничувања, во голема мера влијаат на обемот и ефикасноста на спроведувањето активностите на Комисијата. Владата на Република Македонија нема обезбедено соодветни финансиски и човечки ресурси за Комисијата со цел за ефикасна борба против дискриминација. Таквото ограничување на ресурси, секако не е проблем само во Р.Македонија. Проблемите кои се поврзани со способноста за само-финансирање и вработување во локалните тела за заштита на еднаквоста постојат и во земјите на Европската унија[22]. Сепак, во последниве години на многу од нив пропорционално им е намален буџетот што има негативно влијание врз нивната независност и ефикасност[23].

[22] Commissioner for human rights of the Council of Europe, *Opinion of the Commissioner,* 4.4.

[23] Како на пример, Irska, Letonija i Rumunija. Chopin, I. and Uyen Do, Th., *Developing Anti-Discrimination Law, cmp*r. 87. Во Ирска, на пример во 2009 година буџетот на оваа институција е намален дури за 43%, додека за останатите државни институции тој процент изнесувал 4%. Види European network of legal experts in the non-discrimination field, "How to address discrimination across all grounds and share experience between different kinds of discrimination: summary workshop proceedings" (Legal Seminar on the implementation of EU law on equal opportunities and anti-discrimination, Brussels, 25 ноември 2008), стр. 8.

Воспоставувањето на Комисијата како **централен национален авторитет** за спречување и заштита од дискриминација, како и за афирмација и промоција на еднаквоста, недискриминацијата и толеранцијата не е придружено со усвојување на соодветна законска буџетска ставка. Од висината на средствата со коишто располага Комисијата, зависи колку од надлежностите предвидени во ЗСЗД ќе може фактички да ги оствари. Имајќи го предвид малиот фонд на средства на располагање, мора да се напомене дека таквата ситуација значително влијае на ефикасноста во примената на Законот и ја намалува способноста оваа институција во целосно да ги извршува своите законски обврски, особено промоција на Законот, следење на судските постапки во врска со дискриминација, спроведување на истражувања во областа на дискриминација и следење на усогласеноста со законодавството.

Комисијата, кон крајот на 2011 година поднесе предлог буџет до Министерство за финансии, каде што тој предлог ги содржи реалните потреби на Комисијата за следната буџетска година, по што следи усвојување на предложениот буџетот од страна на Собранието на РМ.

Таквата процедура не е во согласност со најдобрата практика кога станува збор за независноста и ефикасноста на Комисијата. Проблемот е, всушност, во тоа дека Комисијата нема значително влијание врз промената на буџетските предлози, кои обично ги прави Министерството за финансии. На пример, иако барањето за буџет за 2012 година за ставката предвидена за градење на капацитетите во примената за ЗСЗД изнесува 50.000,00 денари, од Министерство за финансии одборени се само 15.000 денари, истите со ребалансот се намалени на 10.000 денари, од кои што може да се увиди дека не се пресметани средствата неопходни за спроведување на активности од Законот за спречување и заштита од дискриминанција.

Недостатокот на финансиски средства е првенствена причина за недоволното присуство на членовите на Комисијата на терен, меѓу граѓаните, што е, во секој случај, една од приоритети на оваа институција, и кое што има значајна улога во достапноста на институцијата за заштита на еднаквоста на цела територија на РМ.

Имајќи го предвид малиот фонд на средства на располагање, Комисијата укажува дека во добар дел од изминатата година, телефонот и интернет конекцијата не беа функционални. Во тој контекст, доколку Комисијата не најдеше заинтересиран партнер во Македонскиот центар за меѓународна соработка, кој што ја поддржа Комисијата и во првата година од нејзиното оформување. Доколку оваа подршка не беше овозможена во Комисијата немаше да бидат задоволени ниту елементарните технички услови за нејзино функционирање. Тоа ќе претставуваше сериозен удар на напорите на Комисијата за поставување и етаблирање како централно национално тело за спречување и заштита од дискриминација, како и за афирмација и промоција на еднаквоста, толеранцијата и недискриминацијата.

Според ставките наведени во Буџетот за 2012 година на Република Македонија, како и ребалансот на истиот, Комисијата ги искористи следните средства:

- Ставка 420: 0 денари
- Ставка 421: 135.637.00 денари
- Ставка 423: 12.000.00 денари
- Ставка 424: 10.000.00 денари
- Ставка 425: 4.395.427.00 денари
- Ставка 426: 10.000.00 денари
- Вкупно: 4.563.064.00 денари

Исто така, по ставки, неподмирени останаа одредени побарувања:

- Ставка 421: 71.192.00 денари
- Ставка 424: 45.289.00 денари
- Ставка 425: 41.558.00 денари
- Ставка 426: 7.110.00 денари
- Вкупно: 165.149.00 денари

Недостатокот на кадровски ресурси негативно се одразува на сите активности на Комисијата. Најпрво, иако постапката пред комисијата трае три месеци, истата нема доволно административен и финансиски капацитет за во потполност и најефикасно да ги исполни сите обврски предвидени во Законот.

5.1.2.1.ПРИЛОГ 1: Буџет на Комисијата за заштита од дискриминација за 2012 година

БУЏЕТ 2012

Раздел Програма Потпрограма Категорија Ставка	О П И С	Расходи на Основен буџет			Расходи од самофинансирачки активности			Расходи од заеми			Расходи од донации			Вкупно расходи	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
02011	КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА	4.665	4.621	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.665	4.621
2	ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА	4.665	4.621	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.665	4.621
20	ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА	4.665	4.621	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.665	4.621
РАСХОДИ															
42	СТОКИ И УСЛУГИ	4.665	4.621	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.665	4.621
420	Патни и дневни расходи	20	10	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	20	10
421	Комунални услуги, гревње, комуникација и транспорт	100	76	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	100	76
423	Материјали и ситен инвентар	15	15	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	15	15
424	Поправки и тековно одржување	15	10	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	15	10
425	Договорни услуги	4.500	4.500	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.500	4.500
426	Други тековни расходи	15	10	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	15	10
2	ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА	4.665	4.621	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.665	4.621
20	*ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА*	*4.665*	*4.621*	*0*	*0*	*0*	*0*	*0*	*0*	*0*	*0*	*0*	*0*	*4.665*	*4.621*
42	СТОКИ И УСЛУГИ	4.665	4.621	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.665	4.621
420	Патни и дневни расходи	20	10	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	20	10
421	Комунални услуги, гревње, комуникација и транспорт	100	76	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	100	76
423	Материјали и ситен инвентар	15	15	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	15	15
424	Поправки и тековно одржување	15	10	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	15	10
425	Договорни услуги	4.500	4.500	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.500	4.500
426	Други тековни расходи	15	10	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	15	10

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

110

5.1.3. Формирање на стручна служба

Комисијата ја согледува и инсистира на потребата од професионализација на стручно тело во рамки на истата, како неопходен предуслов кон растот на самата Комисија, кон исполнување на приоритетите за 2013 година, но и кон втемелување на Комисијата во општеството и нејзино препознавање. Во 2011 и 2012 година, се превземаа значајни активности и чекори во насока на градење на капацитетите. Но, Комисијата, мора да напредува во својот развој, со цел да ја задоволи, сè поголемата потреба од нејзино постоење, а оформувањето на вакво стручно-административно-техничко тело би било суштинско во изготвување и извршување на сите горенаведени активности.

Потребно е да се зајакнат административните капацитети на Комисијата. Тоа подразбира формирање на тим од околу тројца вработени и реорганизација на Комисијата во смисла на воспоставување одредени сектори да работат по жалби, истражувања, подготовка на извештаи, публикации и анализа на нормативно-правни прашања и сл.

5.2. ДОСТАПНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

5.2.1. Седиште на Комисијата за заштита од дискриминација

Благодарение на Владата на Република Македонија, Комисијата за заштита од дискриминација, на неопределен период, доби на користење простории на 20-тиот спрат во зградата на МРТВ, на ул. Кеј Димитар Влахов бб, во Скопје.

Комисијата за заштита од дискриминација од Народниот правобранител доби известување дека до истиот поднесена е претставка од страна на лицето З.Ш против Комисијата за заштита од дискриминација. Во известувањето е наведено дека претставката се однесува на вршење на дискриминација од страна на Комисијата врз лицата со хендикеп, односно дека попреченоста на лицата со хендикеп е пречка истите да стигнат во просториите на Комисијата, поради фактот што просториите се наоѓаат на 20-ти кат во зграда на МРТВ, а лифтот на оваа зграда може да пристигне само до 19-ти кат.

Заради свесноста за сериозниот проблем со кој се соочува Комисијата за заштита од дискриминација, односно дека местоположбата и локацијата на просториите во кои функционира Комисијата, ги спречува и оневозможува лицата со хендикеп да пристапат директно да се обратат и достават претставка до истата, Комисијата за заштита од дискриминација се обрати до Генералниот секретаријат на Влада на РМ со што истите ја упатија Комисијата за заштита од дискриминација до Службата за општи и заеднички работи. Комисијата со Барање доставено до СОЗР, замоли да се произнесат во однос на претставката поднесена од Народниот правобранител, како и да не информираат до каде е процедурата по однос на решавање на овој проблем, но одговор не беше добиен согласно барањето.

Понатаму, како привремено решение за надминување на проблемот со кој што се соочуваме, Комисијата со допис се обрати до СОЗР, на кое што беше наведена потребата на Комисијата од поставување на пункт до кабината на Секјуриком во МРТВ (приземје), кој би го користеле лицата со хендикеп при поднесување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација со што би го олеснил нивниот пристап, а воедно и функционирањето на самата Комисија, за што повторно не беше добиен одговор согласно барањето.

И покрај тоа, Комисијата сеуште е со надеж дека овој проблем ќе се реши со што и понатаму истата превзема напори и изнаоѓа начини кои би довеле до рационално решавање на овој проблем.

5.2.2. Достапност на Комисијата

По однос на регионалната распространетост, Комисијата согласно нејзините законски надлежности има потреба од работа на терен. За таа цел потребно е да се обезбеди присуство на Комисијата на терен, и тоа со отварање на регионални канцеларии во повеќе градови низ Република Македонија.

На овој начин, од една страна ќе се зголеми достапноста на услугата која ја дава Комисијата на цела територија на РМ, а од друга страна, ќе се овозможат услови за ефикасно остварување на останатите важни активности- истражување, увид на самото место на настанот, подигнувањеа на свеста на населението во борбата против дискриминацијата. Исто така, отварањето на регионални канцеларии ќе придонесе кон зголемувањето на бројот на претставките до Комисијата.

Со цел да се обезбеди достапност на советодавна услуга на сите граѓани на РМ, потребно е и воведување и промовирање на посебна телефонска линија, преку која граѓаните ќе можат да добијат бесплатни правни совети. Исто така, вложувањето за ваков чекор не би ги исклучило и партнерствата со доверливи локални институции и организации со кои заеднички би се направиле напори да се воспостави мрежа на “антидискриминациона централа“, која би претставувала прва контактна точка од каде што може да се обрати секој граѓанин, така што истата таа централа би овозможила соодветна бесплатна советодавна услуга за жртвите на дискриминација.

6. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ПО ЗАКОНОТ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Комисијата за заштита од дискриминација обезбедува слободен пристап на општите акти од својата надлежност, информации од јавен карактер и други информации кои им овозможуваат на граѓаните да бидат запознаени со работата на Комисијата.

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисијата за заштита од дискриминација има должност редовно да ја води и ажурира листата на информации со кои располага и истите да ги објавува на начин достапен за јавноста. Комисијата, како имател на инфорамции од јавен карактер, истите ги објавува на својата интернет страна.

Од месец јануари до крај на месец декември 2012 година, до Комисијата за заштита од дискриминација доставени беа три барања за пристап до информации од јавен карактер, на кои согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[24], е одговорено во законски рок од 30 дена од нивниот прием.

Првото барање се однесуваше на вкупниот број на поднесени претставки поврзани со дискриминација врз основа на пол во период од основањето на Комисијата, по година, вкупен број на претставки за дискриминација врз основа на пол поднесени лично и вкупен број на претставки поднесени од страна на полномошник во период од формирањето на Комисијата, по години. **Второто** барање се однесуваше на вкупниот број на спроведени постапки по пријави за дискриминација и нееднаков третман согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација во период од формирањето на Комисијата по години, колку од поднесените пријави имаат позитивен а колку негативен исход, информации поврзани со конкретни претставки по кои Комисијата пастапила во период од основањето, информации за начинот, период на постапување како и доставување на копии од мислењата**. Во третото** барање за пристап до инфорамции од јавен карактер, од Комисијата се бараше да се произнесе дали постапува по дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, и дали при донесување на закони во РМ, Комисијата дава свои мислења и ставови.

Табеларен приказ на број на поднесени барања по категории:

Барател на информација	Број на поднесени барања	Број на усвоени барања	Број на одбиени барања
Граѓани	-	-	-
Медиуми	-	-	-
Невладини организации	3	3	-
Политички партии	-	-	-
Органи на власт	-	-	-
Останато	-	-	-
Вкупно	3	3	-

[24] "Службен весник на Република Македонија" бр.13/2006, 86/08, 06/10

Во текот на давањето на информации Комисијата посвети посебно внимание на заштита на податоците на лицата, согласно Законот за заштита на личните податоци[25]. Странката во постапката пред Комисијата има право на заштита на сите приватни податоци кои што се наведени во предметите. Принципот на доверливост може да биде поништен само во случаи утврдени со закон.

Барањето за пристап до инфорамции од јавен карактер, може да се поднесе во пишана форма. Важно е во барањето јасно да бидат наведени бараните инфорамции, односно на што конкретно истото се однесува т.е што попрецизно дефинирани. Барањето, може но не мора да ги содржи причините за поднесувањето како и други податоци кои можат да го олеснат пронаоѓањето на информацијата. Пристап до документот кој ја содржи бараната информација е бесплатен во согласност со Законот за слободен пристап до инфорамции од јавен карактер[26].

Барањето за пристап до информации од јавен карактер, може да се поднесе до Комисијата за заштита од дискриминација во пишана форма , на адреса: Кеј Димитар Влахов бб, Скопје, или електронски: contact@kzd.mk.

[25] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05 и 103/08
[26] „*Службен весник* на Република Македонија„ *број* 13/2006 и 86/2008

7. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

7.1. ЕЛЕКТРОНСКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ

Со цел распознавање на трендовите во општеството, застапеноста на формите на дискриминација и областите во кои истата најмногу се врши, како и со цел подетална и фокусирана акција за спречување и заштита од дискриминација од фундаментална важност за Комисијата за заштита од дискриминација е постоењето на база на податоци, како централен национален систем, од кој Комисијата би ги црпела потребните податоци.

Во овој поглед, најцелисходно решение би била база на податоци која би се наоѓала во Комисијата за заштита од дискриминација, како централен авторитет за спречување и заштита од дискриминација, а која би била полнета со информации, но и користена од страна на четирите централни тела кои постојат на полето на анти-дискриминацијата во Република Македонија – Комисијата за заштита од дискриминација, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието на Република Македонија, Народниот правобранител и Секторот за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за труд и социјална политика.

Но, со оглед на рестриктивниот буџет на Комисијата, кој не овозможува да се направи ваква база на податоци, во текот на 2012 година, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, инсталиран е софтвер за интерна употреба, за евиденција на статистички податоци, кој што овозможува собирање, сортирање и статистичка анализа на податоците според одредени параметри.

Од голема важност за Комисијата е да се обезбедат средства за изработка на Национална интегрирана дата-база на претставки во рамки на Комисијата за заштита од дискриминација, која како што е претходно напоменато, релевантните институции ќе ја полнат со информации.

7.2. НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

7.2.1. Годишен извештај 2011 година

Согласно член 24, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има обврска да подготви извештај за својата работа и за состојбите во областа на спречување и заштита од дискриминација, како и за промоција на еднаквоста и толеранцијата.

Комисијата за заштита од дискримианција го изработи својот Годишен извештај за 2011 година, и во првата половина на април го достави до Собранието на Република Македонија, кое има должност да го разгледа и да превземе соодветни мерки и активности, согласно своите надлежности.

7.2.2. Мислење за Предлог-законот за именување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

На 09.03.2012 Комисијата за заштита од дискриминација, согласно нејзините ингеренции според член 24 став 9 од Законот спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник бр.50/2010 од 13.04.2010 година) до Собрание на РМ достави мислење во кое наведува дека во член 5 од Предлог -законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во новиот член 368-а во став 1 точката 6) е дискриминаторска одредба. Комисијата беше на ова мислење бидејќи смета дека успехот постигнат во училиштата не влијае врз развојот на моторните вештини кај малолетниците со наполнети 16 години, кои се неопходни за совладување на техниките за управување со моторно возило. Со оваа одредба се врши неповолно постапување со учениците кои имаат послаб успех во училиште без оглед на нивните моторни способности со што истите се доведуваат во нееднаква положба.

7.2.3. Промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминација

Во контекст на преземањето на активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминација, а во рамките на спроведување на наставата по предметот Ранливи групи и забрана на дискриминација, во просториите на Комисијата присуствуваа студенти на четврта година од додипломски студии од Факултетот за безбедност, од отсекот човекови права. Членовите на Комисијата ја презентираа работата на Комисијата, нејзините надлежности и активности, како и примери од поднесени претставки, во кои е утврдена дискриминација. Вториот дел беше резервиран за поставување на прашања од студентите до членовите на Комисијата. Преку оваа посета, студентите имаа можност да стекнат практични знаења во врска со функционирањето на Комисијата, а особено процесуирањето на претставките, достапноста на Комисијата и резултатите од преземените активности.

8. ЗАКЛУЧОЦИ

Една од основните цели и задачи на Комисијата е и понатаму да делува во насока на креирање и градење на правично и праведно општество без дискриминација, со директна поддршка на жртвите на дискриминација, информирање и едуцирање на граѓаните за феноменот на дискриминација, јакнење на капацитетите на други организации и институции за препознавање и борба против дискриминацијата.

Од своето основање па се до денес Комисијата активно работи на подигнување на јавната свест преку учество на тркалезни маси, обуки и конференции за меѓуинституционалана соработка со државни институции и невладини организации.

Иако законската рамка обезбедува квалитетна платформа за важната улога на Комисијата на РМ во борбата против дискримианција, со бројните проблеми со кои што се соочува оваа институција се намалува потенцијалот на нејзиниот широко поставен законски мандат. Во контекст на ова, во овој извештај се обидовме да ги идентификуваме основните проблеми со кои што се соочи КЗД и за кои треба да се внимава во иднина. Комисијата за заштита од дискриминација може да биде ефикасно средство за заштита на поединците од дискриминација- специјализирано е и достапно. Што се однесува на судската заштита, постапката во Комисијата може да биде поедноставна, побрза, што би овозможило и ефикасен начин за остварување на заштита од дискриминација. Ова тело со време развива посебна експертиза и искуство кое што може да влијае врз правото и неговата примена. За да се овозможи Комисијата, на која и е доделена улогата на **централен национален авторитет** за спречување и заштита од дискриминација, да стане вистински катализатор за социјалните промени во оваа област, потребно е да се обезбедат услови за нејзино непречно, независно и ефикасно делување, пред се, нејзино финансиско и административно опремување.

Комисијата за заштита од дискримианција на РМ во голема мера се поклопува во проблемите со институциите за еднаквост во другите земји, особено кога станува збор за ограничени ресурси и ставот на власта која го одобрува буџетот, што е илустрирано со фактот дека и во втората година од функционирањето, не се усвојува предлог буџетот на Комисијата, посебно буџетската ставка предвидена за функционирањето на истата.

Тоа директно влијае на ефикасноста на остварување на сите нејзини надлежности, меѓу другото, навременото на решавање на претставките, присуство на терен, организирање на активности за подигање на свеста на јавноста, спроведување на различни видови на истражувањ итн.

Препораки за борба против дискриминација и унапредување на рамноправноста

1.Потребно е да се обезбедат финансиски средства потребни за ефикасно исполнување на мандатот на **централен национален авторитет** за спречување и заштита од дискриминација доверено со ЗСЗД.

Имајќи ги предвид многу ограничените ресурси со кои располага Комисијата, сеопфатен заклучок е дека доколку и во наредните години се определуваат средства од Буџетот на Република Македонија за Комисијата во иста или слична висина, Комисијата ќе нема капацитет да ја извршува својата основна надлежност – постапувањето по претставки. Со зголемување на бројот на претставките ќе се истрошат капацитетите за ефективно, правично и точно постапување по претставки. Тоа, пак, од друга страна, нема да дозволи да се посветат ресурсите на другите надлежности кои ги има Комисијата, како што се информирање на јавноста, подигнување на јавната свест, соработката со локални, национални и меѓународни организации и институции. Со други зборови, во целост би се блокирало функционирањето на Комисијата.

Од голема вашност е исполнувањето на законската обврска на РМ од членот 16 став 3 од ЗСЗД, за додавање на посебна ставка во буџетот неопходна за функционирањето на Комисијата во борбата против дискриминацијата. Понатаму останува можноста јакнењето на ова тело да се обезбеди со дополнителни финансиски средства од некои достапни програми за помош на Европска унија кои ќе бидат насочени кон зајакнување на ефективноста на заштита од дискриминација.

2. Потребно е да се обезбеди сите надлежни органи во согласност со своите овластувања, координирана работа да делуваат во потиснување на медиумската промоција на говор на омраза, насилство, нетолеранција и дискриминирачки ставови, посебно јавните радиодифузни сервиси и јавните претпријатија. Истите да бидат главни промотори на идејата за еднаквост, толеранција и недискриминација, така што преку нивните делувања да придонесат активно да се подигне јавната свест како кај граѓаните така и кај сите релевантни чинители во општеството за проблемот на дискриминацијата, сваќањето на концептот на антидискриминација како и да се придонесат промени на социјалните и културните модели кои се базирани на стереотипите и предрасудите кон малцинствата и маргинализираните групи во општеството.

3. Потребно е формирање на **Секретаријат на Комисијата,** бидејќи искуствата од 2011 и 2012 година ја потенцираат неопходноста од постоење на Секретаријат, кој ќе биде професионално тело во рамки на Комисијата и ќе ги извршува неопходните задачи од нејзиниот делокруг на функционирање. Тоа би подразбирало најмалку 3 вработувања во ова тело, со цел посеопфатно, поделотворно и попрофесионално функционирање на Комисијата за заштита од дискриминација.

На тој начин би се извршило еден вид на професионализација на Комисијата, но не на нејзините членови, туку на телото кое ќе ги извршува стручните, техничките и административните работи на Комисијата. Уште понатаму, различните профили на членовите на Комисијата, единствено укажуваат кон недискриминаторскиот однос кој Собранието на Република Македонија го имало при нивниот избор. И најпосле, нивните различни профили само придонесуваат кон целокупното искуство кое го поседува Комисијата како колективен орган. Најпосле, не смееме да заборавиме дека дискриминацијата се случува во сите сегменти на нашето општество, што ја потенцира потребата и пожелноста од различни профили на луѓе

– професионалци во различни области – кои ќе бидат членови на авторитетот за еднаквост и недискриминација во Република Македонија.

4. Потребно е да се преземат сите неопходни мерки со цел наставните програми на сите нивоа, како и учебници и други наставни материјали, да интегрираат теми кои кај учениците / студентите ќе развијат култура на мир, толеранција, солидарност, разбирање и почитување на различноста, полова рамноправнст и недискриминација, а од наставните материјали да се елиминираат сите содржини кои подржуваат родови и други стереоипи и предрасуди.

5. Потребно е да се креираат и реализираат обуки на наставниците во основните, средните училишта и универзитетите со цел да се зголеми нивната чувствителност за проблемот на дискриминација, да се развие духот на толеранција, солидарност, разбирање и прифаќање на различноста и недискриминаторски однесувања и со својата работа да придонесат кон остварување на пријателски средина за сите ученици.

Предизвици за 2013 година

Комисијата ќе продолжи со соработката која ја воспостави во 2011 и 2012 година со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Кон таа цел, потпишан е и нов Меморандум за соработка за 2013 година помеѓу овие две тела. Во тој контекст, се планира поддршка од ОБСЕ Мисијата во Скопје, во делот на доближување на концептот на дискриминација на локално ниво. За таа цел, Комисијата ќе добие поддршка за реализирање на осум тркалезни маси со претставници на советите на општините, државните службеници од единиците на локална самоуправа и претставници на локални невладини организации. Понатаму, согласно Меморандумот за соработка, предвидени се следните активности: Подготовка и печатење на Збирка на пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права во областа на дискриминацијата, организирање на кампања која би вклучила подготовка и печатење на брошури на македонски и албански јазик, продукција на двојазичен ТВ и радио спот, нивно емитување, активности со EQUINET, Пред конференција за промовирање на Годишниот извештај 2012 година, истражување кое ќе се однесува на дискриминаторски основи.

Понатаму, со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во 2013 година Комисијата за заштита од дискриминација ќе изработи Стратегија за комуникација. Ваков тип на стратегија ќе ги опфаќа сите фази и сегменти на комуницирање на Комисијата со релевантните тела, како и при комуницирање со граѓаните. Подетално, со оваа стратегија би се опфатиле процедурите по кои ќе се извршуваат сите надлежности на Комисијата, а посебно деловите на комуникацијата која Комисијата ја има при подигнување на јавната свест на граѓаните; комуникацијата која се остварува при вршењето на следење на успешноста на случаите кај кои е утврдена дискриминација, што е битен фактор при согледувањето на сериозноста на уделот кој Комисијата го има во општеството; начинот на известување, првенствено пред Собранието на Република Македонија, но и до соодветните европски авторитети, како и здруженијата во кои Комисијата ќе биде член итн.

Во поглед на искористувањето на европските фондови, Комисијата во текот на 2013 година ќе поднесе две апликациии за TAIEX Експертски мисии, за една TAIEX работилница, како и за една TAIEX студиска посета на соодветно странско национално тело за еднаквост. Исто така, ќе се работи на самостојно вклучување на Комисијата во секторските фишеа за користење на ИПА програмата на Европската Унија, компонента 1, во делот на фундаментални права, доколку се реши прашањето со Секретаријатот на Комисијата.